# 15 ГОДИНИ ЛЕГАЛНО МАКЕДОНСКО ДВИЖЕЊЕ ВО БУГАРИЈА
# БЛАГОЕВГРАД 2005
***Самиздат***

**м-р Стојко Стојков**

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА ВО БОРБА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### *Создавање на ОМО "Илинден"*[1]

**С***о пропаѓањето на комунистичката диктатура во Бугарија на 10.11.1989 г. и развојот на демократските процеси се создаваат поповолни услови за организирање и јавен настап на Македонците во одбрана на нивните човекови права. Не може да се зборува за појавување на македонско движење во Бугарија во 1990 г., туку за негова обнова и делумно легализирање во новите политички услови, бидејќи тоа претставува продолжение на борбата и отпорот на Македонците против асимилацијата и бугаризацијата спроведувана насилно во претходниот период.*

*Постои мислење, дека ОМО "Илинден" како организација постоела и во време на комунизмот*[2] *што е неточно. Единствено и масовно македонско национално движење тогаш немало, а постоеле голем број организации и кружоци што работеле одвоено и една по една биле откривани и разбивани. Бројката на такви организации е многу голема. Тешко да постои населено место, или училиште каде да не се формирале по 1-2 тајни групи. Некои од нив опфаќале и по неколку населени места. Најголем бил интезитетот околу 1956 и 1968 година. Благодарејки на будноста и бруталноста на државна безбедност не дошло до нивно обединување и создавање на масовно нелегално движење. ОМО "Илинден" се јавува продолжение на овие организации преку дел од нивните бивши членови кои се активираат кон крајот на 1989 г. и почетокот на 1990 г.*

*Првиот чекор е преземен надвор од Пиринска Македонија, во Софија, во декември 1989 г. кога е создадена ВМРО (независна) "Илинден" со претседател Георги Солунски, како обновување на една илегална македонска организација од 1968 г. во Петрич*[3]*. Набргу се создадени нејзини филиали во Петрич и Сандански при што главна улога одиграл Сократ Маркилов. Поврзувањето во почетокот се одвивало по пат на лични познанства и лепење соопштенија на јавни места. Групата во*

---

[1] *Документите што ќе бидат цитирани понатаму, доколку не е посебно нагласено се лична архива на авторот. Информациите што не се поткрепени со цитирани извори се собирани на самиот терен од учесници во настаните, или се лични сведоштва на авторот. Материалот е базиран на два научни реферати: "Осврт на движењето на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија за национални права (1990-1998 г.)" поднесен на научниот форум Гоцеви денови организиран на Голак Р Македонија во 1999 г. и "Македонските организации "Илинден" во Пиринска Македонија (1998 - 2002)" поднесен на научниот симпозиум "100 години Илинден" организиран од Македонската академија на науките и уметностите во 2003 г.*

[2] *Катарџиев Иван, Соседите и Македонија, вчера денес и утре, Скопје 1998, 37. Идејата потекнува од самите Пиринци. Во една"Протесна декларација на ОМО"Илинден" од 07.06.1990 г. например стои дека организацијата "постоела во нелегалност за време на априлската линија над триесет години". Слично мислење е изнесено од Сократ Маркилов: Спомени на Сократ Маркилов од Петрич, пиринскиот дел на Македонија снимени од Васил Јотевски лента втора, "спомените се однесуваат на неговиот животен пат особено на формирањето и активноста на ВМРО - Илинден, односно Обединети македонски Организации (ОМО) Илинден 1968 - 1990". Сократ ја спомнува како "Организација Илинден" под 1968 г. на с. 35.*

[3] *Спомени на Сократ Маркилов... с.35.*

*Сандански е создадена во втората половина на февруари од Вихрен Заирев и Иван Петров кои претходно се поврзале со Сократ (официално е основана на 18.03. 1990 г.). Паралелно никнуваат и други македонски организации - "Комитет за заштита правата на Македонците" (Петрич), продолжение на поранешни организација во Благоевград и Петрич, Македонско ултурно-провенто друштво "Јане Сандански" (с. Микрево 31.01.) и Комитетот на репресираните Македонци во Пиринскиот дел на Македонија (Благоевград – Симитли). Во текот на месец март стапуваат во врска и на 11.04.1990 г. во Сандански на заедничко собрание се обединуваат во единствена организација со име Обединета Македонска Организација "Илинден"[4]. Избран е првиот претседател Стојан Георгиев. Дел од ВМРО (независна) "Илинден" ќе продолжи да работи надвор од Пиринска Македонија како организација на македонската емиграција во Бугарија. Карактеристично е што во прво време организирањето оди побрзо по долината на р. Струма во близина со С.Р.Македонија, а по Места процесот оди побавно.*

*Голем потик за организирањето на Македонците претставуваат настаните од почетокот на 1990 г. На 02.01.1990 г. турското малцинство е официално признато, но без право на јазик и организирање[5]. Овој акт ги разбудил надежите за признавање на Македонското малцинство, но својата отстапка пред турското малцинство владеачката партија изгледа решила да ја компензира со целосно негирање на Македонците и понатаму на македонското прашање му се оделува големо место во владиниот печат но во негативна смисла. На 16 февруари 1990 г. Југословенската скупштина поднесува официјално барање до бугарискиот парламент за враќане правата на Македонците, што е поддржано со голем митинг во Скопје на 21.02. кој дел од Македонците во Пиринска Македонија имаат можност да го гледаат по македонската телевизија. На 6 март бугарското Народно собрание одговара на барањето на Југословенската Скупштина за враќането правата на Македонците во Бугарија со посебна декларација. Претходно во повеќе градови се организирани дирижирани од владата протести против признавањето на Македонците, кои ја подготвиле атмосферата за одбивање на барањето. Југословенското барање во декларацијата на парламентот е окарактеризирано како обид за намеса во внатрешните работи на Бугарија и "изопачување на националната ни историја". Потврден е поранешниот официален став на министерот за надворешни работи Бојко Димитров од 02.01.1990 г. (збор по збор) дека "нема ниту историски ниту правни ниту било какви други основи да се бара такво малцинство". Македонците се окарактеризирани како "непостоечко малцинство"[6]. Овие настани ги разбранувале духовите на Македонците и го забрзале нивното организирање. Голема улога во тоа одигрува и филмот на Ласло Тот за Пиринска Македонија на ТВ Нови Сад (емитуван и по македонската телевизија) составен од репортажи со ред македонски активисти во Бугарија, преку кој голем број Македонци за прв пат дознаваат дека во Бугарија веќе постојат македонски организации.*

*Во врска со овие настани е и првиот поголем јавен настап на Македонците во Бугарија - митингот организиран од посочените четири македонски организации на 11.03.1990 г. во Софија за признавање на македонското малцинство, кој ке предизвика силна негативна реакција во бугарското општество. Митингот е допуштен од*

---

[4] *Исто.*

[5] *Декларација на Политбиро на ЦК на БКП, Работническо дело бр. 3 од 03.01 1990 г.1 стр. Декларација на политичките и општествени организации во Н.Р.Бугарија, Софија, Работническо дело бр .5, 05.01 1990 г.).*

[6] *Работническо дело ,бр. 66 од 07.03.1990 г. 1 стр.*

*властите, но паралелно преку врховистичките клубови (подоцна обединети во ВМРО СМД) е организирана контрадемонстрација, и уште во истиот ден повеке организации донесуваат свои декларации против Илинден (Комитет за заштита на националните интереси, Движењето за заштита на Бугарите во странство, Бугарско културно просветно друшство Т. Александров, Бугарската Национал Радикална Партија, Сојуз на Македонските Културно - Просветни Друштва, Македонски дискусионен клуб "Вардар"). Демонстрацијата на Илинден во печатот е коментирана многу навредливо и потценувачки[7]. Например од 130 демонстрантите ќе бидат окарактеризирани како 30 притоа "сепаратисти".*

*На 22.04.1990 г. штотуку создадената ОМО "Илинден" организира собор на Роженскиот манастир на кој и покрај забраната и пречките од страна на власта ке дојдат меѓу 5 000 и 10 000 души што го прави можеби најголем собор одржан во овој дел на Македонија. Брзиот замав и сериозните успеси на Македонското движење ја изненадуваат бугарската јавност и исплашуваат власта. На настанот во владините весници му е одвоено големо внимание. Не можејки да го негираат големиот број присутни, во нив се развива теоријата дека луѓето дошле по традиција а раката македонисти го искористиле нивното собирање за да вршат своја пропаганда, што не е вистина бидејки соборот е организиран токму од ОМО "Илинден" (притоа е забранет од властите), а државниот собор е организиран претходниот ден (со бесплатен превоз но мало присуство). Едногласно е барањето во владините медиуми организацијата да биде забранета а организаторите на соборот дадени на суд[8].*

*Со масовноста на македонскиот собор се демантирани владините тврдења дека не постојат луѓе што се декларираат како Македонци по националност во Бугарија. Дотогаш владата цврсто се држи до позицијата дека во Бугарија секој е слободен да се самоопредели, но едноставно такво малцинство нема и никој во Бугарија не го подига тоа прашање. Како илустрација можат да послужат следните примери. На 17.02 1990г. надворешниот министер Бојко Димитров изјавува: "Доколку станува прашање за етничкото самосознание на кој и да било бугарски државјанин... во условите на демократизација кај нас нема никакви пречки за слободно изразување на волјата"; на 22.02 1990 г. Александар Лилов (шеф на владеачката социалистичка партија) декларира: "Населението во Пиринскиот крај се чувствува Бугарско и не го подига тоа прашање"; истиот ден со своја декларација настапува Сојузот на бугарските писатели: "Во Бугарија секој има право да го одреди своето самосознание"; во Декларацијата на парламентот од 06.03.1990 г. македонското малцинство е наречено "непостоечко"; на 21.04.1990 г. Виктор В'лканов изјавува: "Историски обременитите прашања најдобро ќе се решат преку слободно изразување волјата на луѓето". Наводното непостоење на македонска самосвест во Бугарија е еден од основните аргументи на чија основа е отфрлено барањето на Југословенската скупштина, и токму таа теза практично е уништена на Рожен. Бугарија е ставена пред дилема да ги почитува правата на Македонците или отворено да ги крши. Под притисокот на фактите властите постепено ја менуваат својата поранешна позиција, задржувајки го негативниот став спрема постоењето на македонското малцинство. Отсега луѓето што декларираат македонска самосвест ќе бидат окарактеризирани, како неписмени, заблудени и платени од непријателски на Бугарија сили луѓе, луѓе кои инаку се Бугари но од*

---

*[7] Работничко дело бр.71,12.03.1990 г. "Тридесет сепаратисти пред НДК" и др. с. 1-2.*

*[8] Пиринско дело 24.04 1990 г. 1-3,"Тоа страшно оружие заблудата", Дума 23.04.1990 г. бр. 20 стр. 2 ,"Антибугарска провокација против името на Јане Сандански").Опозициониот в. Демократија молчи.*

*глупост или за пари стануваат родоотстапници, соодветно македонската самосвест ќе биде објаснувана како продукт на недорабирање, заблуда или активност на странски агентури, но лишена од секаква објективна основа. На 21.05.1990 г. бугарскиот претставник во ООН Иван Сотиров, приморан да држи рамнотежа меѓу правото на самоопределувње како основен демократски признак и негирањето на тоа право во однос на Македонците ќе ја развие тезата дека е во прашање "вештачка национална самосвест" што инаку не постои, но еве некој "одвнатре и однадвор" се обидува да ја создаде, што "не може да се оправда со правото на самоопределување"[9].*

*Големиот замав на македонското движење ја изненадува и исплашува властта. Реакцијата доаѓа брзу во серија одлуки на Националната служба за заштита на конституцијата (14.05.90 г.) обвинителството (14 и 24.05) и Парламентарната комисија за надворешна политика (24.05) со кои се осудува како антиуставна дејноста на македонските организации и тие се задолжуваат да се регистрираат, а дотогаш да ја прекинат активноста под страв од нивно растурање. Атаката е координирана но недоволно подготвена. На 14.05.1990 г. Националната Служба за Заштита на Уставот излегува со соопштение за дејноста на "Илинден" и случајот го предава на обвинителството со мислење дека таа треба да се забрани како антиуставна, антибугарска и сепаратистичка, а членовите да бидат земени на одговорност. На следниот ден софијското градско обвинителство "одкако изврши проверка" (за само неколку саати!?) на дејноста на "ОМО"Илинден" (ВМРО)" (измешано е името на двете посебни македонски организации) му предлага на Георги Солунски (претседател на ВМРО (независна)) "Илинден") да ја прекине дејноста во едномесечен рок или да се регистрира како политичка партија (партии на етничка основа законот не дозволува!) во спротивно ке биде даден предлог до Врховниот суд да ја растури (како, кога не е регистрирана?). На 24 мај обвинителството се коригира дека всушност дејноста требало да се прекине веднаш, а не по еден месец. Истиот ден Парламентарната комисија за надворешна политика се приклучува на кампанијата против "Илинден" барајки забрана за неа и недопуштање на слични организации што создавале "имагинарно македонско малцинство"[10]. Последниов момент е забележителен, како со вклучувањето на комисија на која тоа воопшто не ѝ е работа (таа е за надворешна политика), така и со антидемократското барање да се забрануваат организации кои подржуваат дека македонско малцинство постои, наспроти фактот што официалните податоци од сите пописи на Бугарија по 1944 г. го потврдуваат постоењето на тоа малцинство. Кампанијата е оправдана со наводни протести на граѓани и општествени организации кон МВР. Документите покажуваат елементарни непознавања на фактите. Тоа се гледа од мешањето на двете македонски организации и испраќањето предупредувањето на погрешна адреса. Во кампанијата се вклучува на 30. 05 1990 г. и регионалната дирекција на МВР во Благоевград во ист дух правдајки ја необходноста за забрана со наводен револт кај граѓанството и подпирајки се на официалното предупредување на благоевградскиот обвинител до ОМО "'Илинден" за прекинување на активноста, изјавува дека*

---

[9] *Податоците се преземени главно од весник Дума, броевите во соодветните денови.*

[10] *Софија, Дума 15.05.1990 г.бр 42,1-2 стр. "Дејноста на Илинден е антиуставна",16.05 бр.43,2 стр."Соопштение на софијска градска прокуратура",24.05.1990 г. бр.51,2 стр."Парламентарна комисија ја осудува Илинден"*

*"бескомпромисно ќе ги презема сите предвидени од законот мерки за пресекување на антибугарската и антиуставна дејност на "Илинден"[11].*

*Во текот на месец мај 1990 г. ОМО "Илинден" поднесува документи за регистрација. На делото за регистрацијата во Благоевград на 10 јули 1990 г. властите организираат "протестен митинг на граѓани". За целта работниците се ослободени од работа и донесени да демонстрираат. Според изјавите на очевитци, освен мал број, "демонстрантите" пројавувале само љубопитство но не и револт. Бројноста и покрај тоа не е голема. Поради одложувањето на делото ОМО "Илинден" организира штрајк со глад во центарот на Благоевград, но полицијата ги уапсила штрајкувачите и ги расфлала надвор од градот по патот за Сандански. По два дена, на 12 јули, молбата за регистрација на ОМО "Илинден" е одбиена. Едно по друго таа ќе биде одбиена од сите судски инстанци како антиуставна: на 09.11 1990 г. од Врховниот суд и повторно на 11.03.1991 г. во Комисијата за преглед на исправноста на судската постапка.*

*Сѐ со цел да се парира влијанието на ОМО "Илинден" комунистичката власт преку службите за безбедност пристапува кон формирање на ВМРО СМД – организација чија единствена цел е да се бори против македонската самосвест во Бугарија и надвор од неа. Организацијата нема скоро никакво влијание во Пиринска Македонија. За да ги засилат нејзините позиции во време на задлабочување на економската криза власта ѝ ги предава во владеење имотите на македонските бегалски организации што привлекува во т. нар. ВМРО секаква смеса од интриганти и далаверџии[12].*

*И покрај сите препреки во 1990 и 1991 г. "Илинден" развива жива активност. Како позначајни моменти можат да се спомнат посетата на С. Георгиев на конференцијата за правата на малцинствата во Копенхаген (што оттогаш ќе стане традиција), рефератот на Хелзинки Воч во подршка на Македонците во Бугарија и на ОМО "Илинден", собирањето потписи во подршка на организацијата низ градовите на Пиринска Македонија (собрани се неколку илјади подписи, што накрајот ќе ја натера полицијата со сила да го прекине собирањето), а потоа и во заштита името на град Сандански, организирањето прием на студенти Македонци од Пиринска Македонија на скопскиот универзитет како стипендисти на македонската влада од септември 1990 г., хуманитарната помош од граѓаните на Р. Македонија за пиринското население и вториот роженски собор во 1991 г. Во овој период организацијата има осетно влијание и е барана како изборен сојузник од локалните структури на СДС и ДПС. Такви сондажи се правени например од кандидатот на СДС во гр. Сандански Џафероф пред изборите за Велико народно собрание во јуни 1990 г. гарантирајки дека "доколку стане прашање во парламентот јас ке изјавам дека во мојот изборен реон има луѓе што се декларираат како Македонци". Движењето за Права и Слободи (ДПС – партијата на турците) понудило заедничка листа за Пиринска Македонија во која секој втор кандидат да е од ОМО"Илинден". Контактите со ДПС се водени од Стојан Георгиев и е постигнат сериозен напредок. Но поволните понуди на ДПС се отфрлени во Координативниот совет (КС) на организацијата под притисок на заменик претседателот Јордан Костадинов, кој инсистирал дека коалиција со Турците е*

---

[11] *Софија, Дума 30.05 1990 г. бр.57 ,1стр. "Соопштение на регионална дирекција на МВР- југословенски туристи се обидуваат да ја палат нашата черга"*

[12] *Спореди: проф. д-р Атанас Попов, " B#lgari| tr|bva da b#de spasena ot l#`evojvodite", в. Струма 30.09/01.10. 2000 г. с. 6, 11*

*невозможна поради разногласија за националноста на Помаците (Торбеши) во Пиринска Македонија. Тој успева да ја блокира соработката со што ќе биде испуштена историска шанса македонски делегати да влезнат во бугарското Народно собрание и од неговата трибина да се борат за правата на Македонците со што понатамошната судбина на Македонците во Бугарија би била многу подобра. Наместо тоа се зема бесмисленото решение во овој клучен историски момент, ОМО "Илинден" да ги бојкотира првите демократски избори во Бугарија. Во наредната 1991 г. таа се обидува да учествува во парламентарните избори преку независен кандидат кој нема да биде допуштен до изборите преку анулирање на голем дел од подписите дадени во негова подршка (потребни биле 500 подписа а собраните се повеќе од 700, но властите прогласуват над 200 од нив за "неважечки"). Во овие настани посебно доаѓа до израз политичката незрелост и занесеност на дел од раководителите на "Илинден".*

*Во својата дејност ОМО "Илинден" наоѓа на се посилен отпор од страна на властите. На 2 август 1990 г. организацијата подготвува конгрес во село Оштава, општина Кресна - Пиринска Македонија. Молбата за допуштање на конгресот претходно е одбиена од властите. Потпирајки се на одлуката на судот за нерегистрација тие на 02.08.1990 г. го растураат конгресот на организацијата. Стотината делегати на ОМО "Илинден" и ВМРО независна Илинден се уапсени од полицијата, конгресот е растурен а материалите конфискувани[13]. Со тоа е оневозможено официалното конституирање на организациите (донесување статути и програми) и изборот на легални раководства. Органите на организацијата понатаму ќе функционират во услови на полалегитимитет што многу ке придонесе за распаѓањето на ОМО "Илинден" во наредните години. Властите не ја допуштаат хуманитарната помош од Р. Македонија со изговор дека е навреда за националното бугарско достоинство, а всушност за да не се зголеми авторитетот на ОМО"Илинден", го забрануваат соборот на Рожен во 1991 година, а организираат свој и заведуваат дело против организаторите на македонскиот собор. Од мај понатаму акциите на Илинден воопшто не се допуштат и за нивно спречување и растурање се користи сила. Првото насилство е извршено од страна на полицијата во Благоевград на 26.11 1990 г. за време на собирање потписи во подршка на Илинден. Тепани се Владо Коцелов, Иван Котев, Атанас Киријаков, Кирил Иванов и Ангел Добринов. Полицијата морала да ги ослободи на место уапсените поради интервенција на граѓаните. Полицијата одбила да покаже наредба за прекинување на потписката[14]. Сепак основниот бран насилства е поврзан со личноста на новијот јавен обвинител – врховистот Иван Татарчев, а како повод ќе послужи злосреќната Роженска декларација од 1991 г. (за неа види понатаму) Подоцна насилства имало на 05.05 1991 г. во Благоевград над Иван Ѓуров, Иван Котев, Љ.Златинов, Кирил Тилев и Атанас Кирijаков, на 25.05.1991 г. во Благоевград за време на "великиот македонски собор" - тепани се Кирил Тилев, Кирил Иванов, Иван Котев, Борис Стоилков[15], а на 26.07 1991 г. во гр. Кресна со сила е растурен протестот на организацијата[16]. Најмасовно е насилството во селото Рожен во април 1992 г. кога против мирното население се употребени специјалци и повеќе луѓе се претепани. Насилства има и следната година во с. Лозница, а исто и на 15.04 1994 г*

---

*[13] Писмо на Иван Петров до македонските вестници во Австралија - лична архива на авторот.*

*[14] Показанија на Иван Котев и сведоштва на очевитци*

*[15] Свидетелски показанија на Владо Амов и лично сведоштво на авторот*

*[16] Обраќане до обвинителството во Благоевград за дискриминирањето на ОМО"Илинден" вл.бр.2154, изл.бр.124, 20 11 1991 Софија*

*во Благоевград кога се тепани од полицијата Стојан Мечкаров, Александар Илиев и Љубомир Василев 17 – 18 годишни младинци кои лепеле плакати за ОМО "Илинден"[17]. Практично од летото на 1991 г. јавните настапи на ОМО "Илинден" воопшто нема да бидат допуштани, при што ќе се прибегнува до маштабни блокади на местности и градови, со користење на стотици полицајци, специјалци и луѓе на Државна безбедност. Таков е случајот со обидот на организацијата да организира собор во градот Банско на 26 јули 1991 г. кога општествениот превоз за овој град е запрен, влегувањето во градот забрането, а автобусте со активисти кои патуваат натаму се запирани уште на сто километри пред градот и враќани назад. Од 1991 г. натаму на Рожен токму на денот на убијството на Јане властите ќе концентрираат маса војска и полиција за некакви военни тренинзи, што ќе биде добар изговор да го затворат за посети целиот крај.*

*Во својата борба против ОМО "Илинден" властите наоѓаат постојан сојузник во лицето на ВМРО СМД, посебно во инсценирање општествен отпор и незадоволство. "Отпорот" на наслениетo против ОМО"Илинден" се претвара во клучно место во аргументацијата на властите за недозволувањето акциите на Илинден: "Во изминатите години... во таквите прилики имало бројни судири меѓу локалното население...и наводните членови на ОМО"Илинден", а се случиле и неколку инциденти кога било неопходно полицијата да употреби сила за да го воспостави јавниот ред. Затоа поради овие инциденти и многу негативната реакција на локалното население на истите...локалните власти ја воведе праксата да не го дозволуваат одржувањето на паралелни митинзи и маршеви..."[18] е официалниот став на државните власти (за одбележување е дека паралелните митинзи се организираат од ВМРО СМД, но се забрануваат оние на ОМО "Илинден"). Таквите тврдења немаат ништо општо со вистината, но се необходни за оправдување дискриминационата политика против Македонците. Во два случаја имено граѓаните ја натерале полицијата да ослободи уапсени членови на ОМО "Илинден" (март 1990 г во Петрич и на 26.12.1990 г. во Благоевград). На над дваесетте јавни акции на кои бил присутен авторот немало никакви негативни реакции на населението. По правило тоа реагира со симпатија, или љубопитство. Негативни реакции има понекогаш, но од поединци. Токму поради таквиот благонаклонет или неутрален став на населението власта е приморана да ги користи услугите на дежурната група на ВМРО СМД од 5 - 15 души (повекето од нив од внатрешноста на Бугарија) за да инсценира "реакции на локалното население". Редовно спомнуваните во пресата "револтирани граѓани" се составени токму од оваа група и одредите специалци и полиција кои редовно присуствуваат на акциите на Илинден и повремено по должност "се револтираат" и прибегнуваат кон сила против македонските патриоти. Нивното окарактеризирање како "локално население" не подлежи на коментар.*

---

[17] *Жалба на Стојан Мечкаров и Александар Илиев и Љубомир Василев до окружниот обвинител; Акт број 359790 за утврдување на административен прекршок од 15.04. 1994 г., подпишан од главен старешина Николај П. Дамбов, за конфискување од Александар Илиев поради тоа што "пред ГУМ лепи нагледни агитациони материали на ОМО "Илинден"; слично Акт број 359789 против Љубомир Василев; Делумна одлука на Европската комисија за човекови права во однос прифатливоста на жалба бр.29221/95 (Борис Станков и др.против Бугарија), 29222/95(Славчо Трајанов и др...), 29223/95 (Благој Стојчев и др....), 29225/95 (ОМО"Илинден"...), 29226/95 (Стојан Мечкаров и др...) донесена на 21.10.1996 г.*

[18] *"Став на бугарската влада во врска со прифатливоста за разгледување и правната заснованост на жалбите бр.29221/95..." и Делумна одлука на Европската комисија... т. 2-В, стр 5.*

*Времето во кое стартира ОМО"Илинден" е период на се подлабока економска криза, што тешко ја погодува организацијата, чии членови се пред се од посиромашните слоеви, го отежнува посетувањето на нејзините акции од населението и го свртува општесвеното внимание од националните прашања. Посетувањето на акциите на "Илинден" се врши исклучливо приватно, притоа често општествениот транспорт е забрануван од локалните власти. Од 1991 г. властите применуваат тактика да вршат преглед на автомобилите и автобусите на членовите и приврзаниците на "Илинден" и да им наложуваат казни за неисправност, недопуштајки ги под таков изговор до местото најавено од организацијата.*

*И покрај се во првите две години Организацијата е присутна во 45 населени места во Пиринска Македонија така што тогаш можеби е и најмасовната организација таму*[19].

## *Распаѓање на ОМО "Илинден"*

**Н***ерегистрирањето, задушувањето на дејноста, силниот медиумски притисок и сепотешките услови на работа постепено ја доведуваат организацијата во криза која се изразува во внатрешни превирања и спротиставеност. Пред организацијата, која во 1990 г. стартира без политичко искуство и практично без програма се поставуваат прашања за програма, нови методи на работа и снаоѓање во непријателската политичка клима во Бугарија. На поларизацијата во "Илинден" влијаат и други фактори. Падот на комунистичкиот систем, обединувањето на Германија, распаѓањето на Југославија и осамостојувањето на Р. Македонија го радикализираат дел од членството (посебно она што живее во близина на Р. Македонија) и создаваат илузии за можно брзо обединување на Македонија. Развојот на демократските процеси во Бугарија и идејата за влегување во Европа пак даваат надеж за решавање на проблемите во рамките на системот. Ова идејно раздвојување наоѓа израз во првите проекти за програми на организацијата. По налог на Координациониот Совет одкако конгресот на 02.08.1990 г. е растурен од полицијата Јордан Бербатов и Јордан Костадинов се задолжени да подготват проекти за програма што тие и го извршиле и ги предале своите пројекти во почетокот на есента 1990 г. Програмата на Бербатов е поумерена и сообразена со законите (бугарски и меѓународни) а предлогот на Костадинов е радикален и на чекор од чистиот екстремизам и сепаратизам (забрана на мешани бракови и сл.). Својата програма Костадинов ја окарактеризирал како "летечка" а онаа на Бербатов како "ползечка". Двајцата потоа ќе ги усогласат своите програми и во декември 1991 г. ќе настапат со заедничка програма во која прашањата за црквата и автономијата се симнати и која била примена од Координативниот совет.*

*Катализатор на распаѓањето на ОМО "Илинден" претставува Роженската декларација од 19 април 1991 г. Декларацијата е донесена и прочитана пред соборот без претходно знаење и одобрение од страна на Координациониот Совет и во нарушување на постигнатата порано спогодба за прифаќање за основа на умерената програма. Покрај барањето за апсолутна автономија (т.14) и заканата со*

---

[19] *Информацијата е добиена во 1991 г. од тогашниот заменик председател на ОМО "Илинден" Јордан Костадинов. Според изјава дадена на авторот од Иван Гаргавелов (на 23.04.1999 г. во Мелник) во Гоцеделчевска околија во разгледуваниот период имало 10 секции. Авторот има непотполни сознанија за околу 22 секции и неорганизирани во секции членови во уште десетина населени места.*

*отцепување (во т.16) која е директно кршење на статутот на ОМО Илинден[20] и на бугарскиот устав има и барања за растурање на бугарските политички партии во Пиринска Македонија и нивното преобразување во македонски национални (т.8) присоединување на Неврокопската митрополија кон МПЦ (т.7) и "повлекување на бугарските окупациони војски" од Пиринскиот дел. Доколку тоа не биде направено организацијата се заканува дека ќе побара од ООН да ја обедини Македонија во единствена држава[21]. Медиумите во Бугарија ѝ даваат голема гласност на декларацијата. Создадениот револт кај мнозинството ќе послужи како добра основа за засилување на дискриминацијата спрема Македонците, а правна основа за такви дејствија ќе даде самата содржина на декларацијата. Во редовите на организацијата декларцијата предизвикува судир, а однадвор е користена од Бугарија во разни прилики за докажување сепаратистичко-екстремистичкиот и антидржавен карактер на Илинден. Недела дена подоцна на 27.04 1991 г. се случил немил настан. Според Ј. Костадинов тогаш КС ја одобрил декларацијата со потписи од сите присутни. Според претседателот Стојан Георгиев тогаш е извршена измама и на присутните им е даден празен лист за да се потпишат како присутни на седницата а од обратната страна се наоѓала Декларацијата. Подоцна над потписите е допишан текст дека подпишаните ја примаат и подржуваат содржината на декларацијата. Според Јордан Бербатов пак, тогаш во неговиот стан во Благоевград декларацијата формално е одобрена, како свршен чин (веќе е пренесена по сите весници и телевизии во Бугарија), но само како моментна декларација, а не како програма[22]. Некои активисти ќе се подпишат свесно под неа подоцна ставени пред свршен факт и подведени од "одобрението" на КС. Работите стануваат сеполоши поради инсистирањето на Костадинов во наредните години да ја претвори декларацијата во официјална програма на ОМО "Илинден".*

*Силната реакција предизвикана од декларацијата ќе ги потикне властите да преземаат поостри мерки против Македонците. Во самата организација се создава умерена и крајна струја. Соочувајќи се со грозните последици и како одговор на незаконските дејствија на заменик претседателот, со цел организацијата да се разграничи од содржината на роженската декларација на 23.11.1991 г. во с. Мусомиште е организирана конференција на која се поставени прашањата за Роженската декларација и за идејната ориентација на организацијата. На конференцијата се застапени во целост Разлошка и Гоцеделчевска околии, Петричка околија е претставена од својата главна секција (петричката), од Санданска околија се присутни претставници од Катунци и Микрево а од Благоевградската околија - од гр. Благоевград. Овде се председателот и секретарот (Ј. Бербатов) на организацијата. Отсутни се представници од секциите во Сандански и с. Крупник, како и заменик претседателот. Тоа значи дека е представено мнозинството од секциите на организацијата. Осудени се на база на статутот (чл. 1 и 6) барањата содржани во Роженската декларација за црквата, бугарските војски и партии, и барањето за тотална автономоја на Пиринска Македонија. Потврдена е одбележаната во статутот цел "... за духовно обединување на Македонците од трите дела на Македонија и светот" и "Европа и Балкан без граници" (чл. 7 од*

---

[20] *Чл.8:"ОМО Илинден не се бори за нарушуване териториалното единство на Н. Р. Бугарија"*

[21] *Текстот е користен од архивата на ОМО"Илинден" ПИРИН гр. Сандански фотокопија дадена од Ј.Костадинов на 01.06.1997 г.во Петрич*

[22] *Спомени на Ј. Бербатов земени на 10 март 2005 г. во Благоевград од авторот.*

*статутот)*[23]. *Всушност Мосомишката декларација излегува во заштита на статутот и прифатениот проект за програма од декември 1991 г.*

*Судирот наоѓа израз во сепоголемата спротивставеност меѓу претседателот Стојан Георгиев и потпретседателот Јордан Костадинов. Овој судир не е директна последица од роженските настани во април 1991 г. Тој трае уште од првиот ден на ОМО "Илинден" и се корени во амбициозноста на потпретседателот. Уште на основачкото собрание Ј. Костадинов инсистира да биде избран претседател, но неговата надеж дека тој ќе биде избран се изјаловува. Избран со 34 гласа (наспроти само 4 за Костадинов) е С. Георгиев. Костадинов не се помирува со потпреседателското место*[24]. *Кога во почетокот на летото 1990 г. претседателот подолго време е отсутен поради пишување на својата книга "Македонија над сè", основањето на секции во внатрешноста на Бугарија*[25] *и одењето на средбата за правата на човекот во Копенхаген, заменик претседателот собира во с. Дамјаница, во кукѓата на тогашниот секретар Красимир Илиев, девеtмина свои привзаници од попрвите активисти и под изговор "отсуство на претседателот" одлучуваат да го симнат Георгиев и на негово место да постават Костадинов. Новиот "Претседател" веднаш потпишува Протесна декларација на КС на ОМО"Илинден" од 07.06.1990 г. Но кога С. Георгиев се враќа (јули 1990 г.) на првиот собир на КС одлуката е отфрлена со огромно мнозинство а на Костадинов му е направен укор. Со тек на времето судирот постепено ескалира, но до почетокот на 1992 г. Ј. Костадинов нема доволно подршка за да го измести претседателот*[26]. *Промената настанува во февруари 1992 г. одкако доаѓа до судир меѓу С. Георгиев и Иван Гаргавелов – еден од лидерите на македонското движење во Гоцеделчевскиот крај. Обединети гласовите на претставниците од Гоцеделчевско и на привзаниците на Ј. Костадинов ќе надвладеат со малко и на седницата на КС одржана на 7 март 1992 г. во с. Бања, Разлошко, С. Георгиев ќе биде приморан да се повлече од функцијата. На истото собрание три пати ќе биде поставен на гласање и секретарот Бербатов, но нема да има доволно гласови за да биде сменет. Во ова гласање, чии непредвидени од никого последици ќе се покажат фатални има голема доза црна иронија. Имено С. Георгиев од пролеттa на 1990 г. е човекот кој ќе ги организира секците по долината на р. Места и во внатрешносттa на Бугарија, за да може сега добар дел од нив да гласат за неговото отстранување.*

*На седницата не е изгласан нов председател, туку на дотогашниот заменик Костадинов му е даден шест месечен рок да организира конгрес за избор на ново раководство. Оваа одлука сообразена со демократските традиции се покажува како погрешна, бидејќи се даваат полномоштва на човек со докажани амбиции и*

---

[23] *Декларација на конференцијата на ОМО"Илинден" 23.11.1991 г.с. Мусомиште. Архива на ОМО "Илинден" ПИРИН гр. Сандански.*

[24] *Постои и спротивно мислење: дека на оваа прва седница меѓу двајцата, кои се и од иста организација (Комитет за заштита правата на Македонците) владее братска расположеност и дека самиот Костадинов пред гласањето понудил да биде избран за председател С. Георгиев, а тој да остане како заменик (Спомени на Ј. Бербатов...)*

[25] *Илустративно за патриотскиот пламен на овие денови е фактот што сите свои патувања низ Пиринска Македонија и Бугарија георгиев ги извршува на сопствена сметка потрошувајки ја оштетата дадена му како дисидент и гонет за време на комунизмот (бил и во затвор)*

[26] *Во едно писмо од "К.С. на ОМО "Илинден" до Претседателот и до Премиерот на Бугарија во подршка осамостојувањето на Р.Македонија и за признавање на македонската нација од 23.01.1992 г примено на седница во Петрич како претседател се потпишал Стојан Георгиев Томовичин. што покажува дека по тоа време тој сеуште ја држи оваа функција(Епоха, г 2, бр. 3, 1 февруари 1992 г. с. 7, "Писмо од ОМО"Илинден").*

*непочитување волјата на мнозинството. Во наредните месеци С. Георгиев ги организира своите привразаници и се покажува дека Ј. Косатдинов нема доволно влијание во организацијата што би му обезбедило избирање на претседателската функција на идниот конгрес. Затоа тој не организира таков. Напротив, одтогаш па сè до 1998 г., кога условите ќе се променат (види понатаму) тој ќе биде огорчен противник на идејата за одржување на конгрес, правдајки се со наводната невозможност да се организира таков. Последното не е вистина и тоа се докажува со организирањето на такви собири при основањето на ОМО “Илинден” ДД во 1995 г. и подоцна, кога е надминато противењето на Костадинов, како и со едноставниот факт на редовно одржување на седници на Коордиантивниот совет секој месец при што се собираат и до четириесет души, без властта да попречи на тоа.*

*Во април 1992 г. за последен пат организацијата проведува заеднички одбележување на убијството на Јане Сандански на Рожен. Соборот е разбиен со големо насилство над Македонците од страна на специјалните сили на бугарската полиција.*

*Соочен со неизбежниот пораз на легален конгрес и со истекувањето на дадениот рок Ј. Костадинов ќе пристапи кон узурпација на раководството што ќе доведе до непоправливи последици. Расцепот на ОМО "Илинден" званично е извршен од приврзаниците на Костадинов (понатаму ќе ги нарекуваме радикали, за разлика од нивните опоненти, кои ќе ги нарекуваме демократи[27]) на 21.08.1992 г. непосредно пред истекувањето на шестмесечниот рок (истекувал на 7 септември 1992 г.). На 21 август приврзаниците на радикалната програма настапувајки во име на Координациониот совет и "собрание на основачите" на "Илинден", донесуваат "Услови и закон за членство во ОМО"Илинден" во кои на база на превратно толкување на меѓународните закони, Роженската декларација (наводно како заснована врз нив) е прогласена како задолжителна за секој член на ОМО "Илинден" и услов за задржување на членството, па дури и на (инаку непостоечкиот) статус на основачи на присутните на обединувачкото собрание на 14.04.1990 г. Со тоа се направени повеке прекршувања на статутот на организацијата (чл.1, 4, 5, 6, 7, 8, 17, 18) кои ги одредуваат начините и условите за зачленувње, темелните програмни определби на Организацијата и улогата на конгресот како највисок орган. Не се земени во предвид и одлуките на Мосомишката конференција, чиј авторитет секако е поголем од оној на КС. Притоа поради отсуството на голем број од неговите членови - демократи е во прашање кворумот на седницата, а самиот КС согласно чл. 15 и 18 од статутот на организацијата својата легитимност ја изгубил уште во април 1991 г. Основачи на ОМО "Илинден" се организации, а не луѓе и присутните на обединителната средба на 14.04.1990 г се само нивни претставници чии полномоштва се исцрпиле со обединувањето, одкога во сила влегува статутот на "Илинден" кој ги регулира односите во организацијата. Овој чекор практично представува преврат и исклучување на мнозинството от членовите на организацијата.*

*И по истекувањето на рокот од шест месеци водачите на радикалната струја продолжуваат да се однесуваат како се да е нормално. Оправданието им е дека конгрес не е можно да се проведе. Судирот станува уште потежок поради фактот*

---

*[27] Првите поради радикалните барања, вторите поради нивното залагање за легитимност, единство, почитување на статутот и демократските принципи, како и спроведување на сообразена со реалностите политика.*

*што Ј. Костадинов и неговата десна рака Божидар Кирјанов ќе ја развијат и упорно наметнуваат тезата дека на организацијата не ѝтреба регистрација, туку “вака си е поарно”. Основани се сомненијата дека оваа позиција е породена од страв дека во една регистрарана организација тие не би можеле да ги задржат позициите. После тешки кавги демократската струја престанува да го признава Ј. Костадинов поради истекувањето на неговиот мандат. Така во есента на 1992 г. ОМО “Илинден” престанува да постои како единствена организација со легитимни раководства. Носители на легитимитетот остануваат месните секции.*

*Од тлото на распаднатата организација прво се издвојува радикалното крило начело со Ј. Костадинов. Всушност тие начело со својот лидер продолжуваат цело време без разлика на нелигитимноста да настапуваат како КС на ОМО "Илинден". Отсуството на демократите од седниците на нивниот КС го толкуваат како самоисклучување. За датум на оснивање (или поскоро издвојување) на нивната организација може да се смета 21.08.1992 г. кога тие званично ја прогласиле роженската декларација за своја програма и ги објавуваат за исклучени несогласните со неа (т.е. демократите), потоа истата година го суспендираат статутот на ОМО"Илинден" и воведуваат свој. Тие претендираат дека се ОМО "Илинден", а демократското крило поради неприфаќането на условите од 21.08.1992 г. го третираат за исключено и предавничко и одбиваат да преговараат за обединување. Карактеристичен за ова крило е култот кон личноста на претседателот Костадинов.*

*Демократското крило кое нема свој главен лидер (Стојан Георгиев разочаран од атмосферата во “Илинден” се повлекува од активна дејност) не брза да се организира во посебна организација, а во тек на две години се залага за конгрес и обединување, непризнавајки дека радикалното крило ја представува ОМО "Илинден". Во тој правец се направени неколку обиди, но сите се безуспешни. Еден таков обид е направен во с. Елешница во јули 1993 г. кога е направен и протокол, а Јордан Костадинов е прогласен за симнат*[28]*. На собирите на кои присуствуваат луѓе на Костадинов тие се инструктирани да ја саботираат работата на седниците. Сите обиди остануваа без успех поради тврдата позиција на Ј. Костадинов, кој нема никакава намера да го стави на проверка своето лидерство на демократски конгрес и постепено ја развива теоријата дека барањата за конгрес се дело на бугарската служба за безбедност, соодветно сите во организацијата што го поставуваат тоа прашање се ставаат под знак на сомнение. Дури во почетокот на 1995 г. (на 22.02) поголем дел од демократското крило напуштјки ги безндежните обиди за обединување ке се организира во посебна организација - ОМО "Илинден"-Демократско Дејствие со претседател Иван Сингартијски. Основачкото собрание е одржано во с. Мусомиште и радикалите испраќаат свои луѓе инструктирани да направат скандал и да ја минираат дејноста на собранието, но во тоа не им успева. Изработена е програма сообразена со законите во Бугарија со меѓународното право, која во суштина представува враќање кон изворните идејни определби зацртани во статутот на ОМО “Илинден”. Набележана е и основната цел: регистрација. Организацијата е определена како движење (слично на Движењето за права и слободи на Турците), со јасна намера за развивање на партиска политичка дејност. Демократите исто го сметаат своето движење за вистинскиот наследник на ОМО*

---

[28] *Проектодневен ред на "Бајданчовистите" за преговорите во Петрич, 01.06.1997.г. т.7. Архива на ОМО"Илинден" ПИРИН гр.Сандански.*

*"Илинден". Меѓу организациите на двете крила владее атмосфера на недоверба и непријателство придружена со заемни обвинувања за расцепот на организацијата*[29].

*Подоцна доаѓа до нова поделба, овој пат во радикалното крило. Причини се повеќе. На прво место тоа е непочитувањето на статутот од раководството при што се прекршени повеќе членови на нивниот статут: член 10 т. 2 и 3 (кои како темелни принципи меѓу другото определуваат: "изборност, мандатност, отчетност на сите раководни органи..."; "недозволување на два мандати едно по друго"), 14 т. 3 и 5 (т. 3 ги задолжува членовите да го почитуваат и исполнуваат статутот, а т. 5 го гарантира правото на членовите да се информираат за дејноста на организацијата), 19 (функционирање и права на месните секции), 23 (начин на организирање на конгрес најмалку еднаш на две години – до 1996 г. се поминати 6 години без конгрес), 24 (врховенството на конгресот), 28 т.3 ("Председателот не може да ја зазема таа функција повеќе од два мандата едно подруго" – кандидатурата на Ј. Костадинов во 1996 г. е обид за трет мандат), 35, 40 и др.*[30] *Многу силно влијае јаловоста на спроведуваната политика. Политиката на радикалното крило која акцентот го става на судењето на Бугарија во меѓународниот суд доживува фиаско во крајот на 1996 г. кога судот ги отфрла 90% од жалбите и со тоа ја обесмислува спроведуваната пет години политика*[31]*. Но крахот се наѕира уште порано со постепеното изолирање од народот, опаѓањето на членството и на авторитетот на ОМО "Илинден" меѓу македонската интелигенција во Бугарија, во Р.Македонија и диаспората како и од немањето сериозни политички успеси повеќе години. Не е за потценување ниту отрезнувањето од илузиите кое настапува по тоа време. Станува збор за илузиите за претстојно обединување на Македонија од големите сили и за директната вмешување на меѓународните институции во внатрешните работи на Бугарија, а во поддршка на македонската кауза само на основа на "несомненото историско право" на македонскиот народ и меѓународното право, без за тоа да е потребно изјаснување на Македонците, или нивни масовен настап, туку само некое барање од страна на организацијата. Исто и верувањето дека Бугарската влада едноставно мора да ги прифати барањата на организацијата, без да се изврши каков и да било притисок од страна на Македонците врз неа. Присутно е и верување за незаконноста на бугарската власт во Пиринска Македонија според меѓународното право и др.*

*Се оформуваат две партии: "Конгресисти" со центар во Благоевград кои се залагаат за почитување на уставот и реформи и "бајданчовисти"*[32] *околу претседателот, кои се за статус кво. Ј. Костадинов упорно се спротиставува на одржувањето на конгрес. Неговите аргументи се дека тој нема да биде допуштен од власта, а неговото тајно спроведување ќе биде не само неуспешно, туку и ќе даде*

---

[29] *"Демократите" како причина за расцепот ја сметат Роженската декларација от 1991 г. и незаконските дејствија на Костадинов а, "радикалите" декларацијата на Мусомишката конференција и одбивањето на "демократите" да го признаат нивното раководство.*

[30] *Статут на ОМО "Илинден"; Декларација на Иницијативен комитет при ОМО Илинден гр. Сандански по проблемите на Организацијата, 28 01.1997 г.*

[31] *Види понатаму.*

[32] *Поимите се условни. "бајданчовистите" за своите опоненти ја користеле формата "конгресации" со навредлива содржина. Формата "бајданчовисти" е кованка на авторот поради немање изграден поим за приврзаниците на Ј. Костадинов, познат меѓу Македонците во Пиринска Македонија како бај Данчо. Со неа се изразува основната карактеристика на оваа групација - безграничната вера во личноста на Јордан Костадинов (како единствен "вистински" Македонец, "војвода" и "светец") како и клучната, и незаменлива улога што тој ја игра во нејзиното постоење. Основни фигура меѓу конгресистите се Владо Амов, Владо Коцелов, Кирил Иванов и др.*

*основа за судење на делегатите. Неофициално тој е на мислење дека инсистирањето за конгрес потекнува од полицијата, која на таков начин сака да го отстрани и да го земе раководството во свои раце. Поради таа причина тој и Б. Кирјанов го пријавуваат пред властите подготвуваниот тајно (од конгреснатa струја) конгрес во јуни 1996 г. што доведува до апсење на делегатите на пат за Благоевград и оневозможување на конгресот. Конгресистите тоа го сфаќаат како намерно саботирање од страна на лидерот кој не сака да си ја изгуби функцијата. Тезата на Костадинов е демантирана во пракса од ОМО Илинден ДД, кои порано успеваат тајно да организираат свој конгрес. Недопуштањето да се одржи конгрес во радикалното крило ја одзема можноста да се решат настанатите противречности по пат на диалог. Така пропаѓането на конгресот во јуни 1996г. послужува како детонатор кој за само неколку месеци ке ја распарчи организацијата на радикалите.*

*Алтернативното решение е да се извршат избори по секции. Тие се одржани во септември 1996 г. и на нив убедливо победува листата на конгресистите и за претседател е избран Кирил Иванов (брат на Ј. Костадинов), но бајданчовистите не го признаваат поразот и создаваат свое раководство начело со Ј. Костадинов. Проверката на поголемиот број изборни протоколи, дел од изборните списоци и со консултација на бројни изјави на лидери и членови од двете страни кои зеле учество во изборите, истражени во сите можни варианти, доведува до несомнениот заклучок дека во сите од вариантите победува Кирил Иванов. Притоа се констатират фалсификати и од двете страни. Најсериозниот од нив е извршен во гр. Сандански од приврзаниците на Ј. Костадинов, каде се нарушени принципите на тајност и демократичност во гласањето, се гласало два дена и се викале да гласаат луѓе од улица. Половината од гласачите немале право на глас, а неколкумина не биле ни членови на организацијата, или станале такви спротивно на статутот при самите избори. "Конгресистите" пак го фалсивикувале протоколот од село Крупник. Изборите се извонредно слабо организирани и без никакви критериуми.*

*Поразот на Костадинов е надвор од декакво сомнение, но тој, убеден дека без него начело организацијата ќе ја снема, одбива да ги признае фактите и во наредните месеци води огорчена борба за довербата на секој член, користејки се наголемо со оцрнување на своите политички противници, претставувајки ги за бугаромани, врховисти и предавници. Тоа постепено доведува до оформување на една од најкуриозните и истовремено трагична појава во македонското движење во Бугарија, а имено на друштвото раководено од Јордан Костадинов обединето од верата дека не постојат патриоти освен самите нив, а сѐ надвор од нивната организација е непријателско и во сферата на Државната безбедност.*

*Противборството меѓу двете раководства ќе биде посебно огорчено во есента и зимата на 1996/1997 г. Тежок удар за бајданчивизмот претставува одговорот на судот од Страсбург кој одбива да ги прифати 90% од поднесените против Бугарија жалби, поради задоцнување на документите или неисполнување на пропишаните процедури[33]. Испаничено раководството на Костадинов ги крие*

---

[33] *Ситуацијата се влошува од фактот видлив од одговорот на судот, дека одбивањето е последица на неспособноста на раководството на организацијата, кое успева да испушти задолжителниот шестмесечен рок за подавање жалба, или не ја исполнува задолжителната процедура на поминување низ бугарските судови, како и неразбирањето на меѓународното право (например на жалбите дека не се допушта македонски јазик во администрацијата и се нарушени религиозните слободи, судот одговара дека од ништо не се гледа организацијата да има правено обиди да си создаде црква, или да го користи јазикот во администрацијата и тие да се спречени од властите; ист е случајот и со барањето за воведување на македонски јазик во училиштата)*

*резултатите од членовите, а кога информацијата е објавена во бугарската преса поминува на директно негирање на вистината. Сепак после неколку месеци вистината си пробива пат и како резултат во почетокот на февруари 1997 г. во Сандански е оформен Иницијативен комитет за обединување на организацијата[34], кој отворено истапува против Костадинов и спроведуваната од него политика. Напишана е декларација[35] која добива подписите на половината членови во Сандански, но кога таа е претставена во клубот на организацијата реакцијата на приврзаниците на Костадинов е толку силна и неодмерена што вербалните навреди против подписниците за малку не поминуваат во физички напад. Резултатот е распад на секцијата од која приврзаниците на обединувањето се издвојуваат. Наскоро тие се поврзуваат со раководството на Кирил Иванов и ОМО "Илинден" ДД.*

*Паралелно во периодот 1992-1996 г. во Пиринска Македонија никнуваат уште шест групи, четири од кои од тлото на организацијата. Тоа се групите на Васка Патонова и Г. Сухаров во град Петрич , Атанас Кирјаков во Благоевград и Сојузот за просперитет на Пиринска Македонија (никнат во септември 1993 г. и опстанал до декември истата година кога под притисок на радикалите се распаѓа). Самостојно се појавуваат групите на македонските анархисти и Македонското христијанско братство во Благоевград. Така кон крајот на 1996 г. поделеноста го достигнува својот врв.*

*Ефектот од поделбите е катастрофален. Драстично опаѓаат членството и авторитетот, дејноста и креативноста[36]. Силите се трошат во меѓусебни пресметки. Се запаѓа во шематизам. Много проекти остануваат незапочнати. Тоа ја олеснува работата на властите и тие успеваат целосно да ги изолираат македонски организации од општествениот живот и да го минимализираат нивното значење. За поделбите многу допринесуваат неискусноста, тешкото психолошко наследство[37], лидероманијата и посебно шпиуноманијата. Последната појава никната во редовите на радикалите и која достигнала врв меѓу бајданчовистите е посебно грда и силно го погоддува македонското движење компромитирајки го пред народот. Шпиуноманијата претставува маниакален страв од шпиуни и барање сокриени непријатели насекаде во посебно силно изразени форми. Таа од 1991 г. добива многу голем замав сеејки недоверба и непријателство со што извонредно многу допринесува за распадот на организацијата. Ссо полна сила делува до 1997 г. и е главна пречка за обединителниот процес. Во 1996 и 1997 г. например "бајданчовистите" веруваат дека инсистирањата за одржување на конгрес и за обединување се дело на бугарските служби за безбедност кои сакаат да ја освојат и задушат нивната организација отстранувајки ја "единствената пречка" – нивниот лидер. Секоја страна во секое дејствие на другите бара да ја открие сокриенаста рака на полицијата. Од некои изкажувања на офицери од бугарскитетајни служби правени пред различни активисти на "Илинден" се гледа дека тие ја користеле*

---

[34] *Основан е од четворица активисти: Стојан Тасев, Андон Андонов, Георги Стоев и Стојко Стојков.*

[35] *Декларацијата е напишана на 28 јануари 1997 г., веднаш по создавањето на комитетот, како и со проект за обединување (Декларација на Иницијативен комитет...; Проект за обединување на македонското движење од 28.01.1997 г.)*

[36] *Симпатичен исклучок претставува дејността на ОМО "Илинден" ДД во Гоцеделчевскиот крај, каде се набљудува токмо спротивен процес на консолидација и зголемување на авторитетот.*

[37] *Македонската идеја е гонета повеке децении што оставило повеке психолошки травми. Меѓу нив се стравот од власта, стравот од врховизам (освојување на организацијата од бугарски агенти и извртување на идејата), предавништво, страв од компромиси и премолчување (изразено во потребата да се кажува секогаш се) и др.*

*шпиуноманијата за да го држат македонското движење разбиено и во внатрешен судир. Например по време на конфронтацијата конгресисти – бајданчовисти, при една акција по случај 4 мај 1996 г. во Благоевград учесниците се уапсени и држени неколку часови во притвор. Сите со исклучок на еден биле приврзаници на конгреснатата струја, чиј центар бил имено градот Благоевград (додека на бајданчовистите центар е Сандански). Единствениот приврзаник на Ј. Костадинов е викнат лично од шефот на државна безбедност кој со симпатија му доверил, дека всушност тие не биле против ОМО "Илинден" туку против Јордан Костадинов. "Само симнете го него и повеќе нема да имате никакви проблеми". Човекот, се разбира, веднаш му го пренел тоа на Ј. Костадинов, кој во овој период на вжештени страсти ја допуштил глупоста да му поверува на шефот на Државна безбедност и од таму задржувањето на позицијата за него ќе се претвори во патриотски долг и прашање одвај ли не на живот и смрт. Озлобувањето кај Костадинов ќе земе посебно драстични форми. Ќе стигне дотаму да им се заканува на своите опоненти дека ќе пишува писма до нивните семејства. Убеденоста дека позади сè што е насочено против него се крие државна безбедност ќе постане толку силна што дури фактот дека противкандидат во изборите е родниот му брат нема да го разубеди, напротив меѓу двајцата ќе дојде до грозни сцени.*

*Врз состојбите во македонското движење во Бугарија негативно влијаат и поделбите што постојат во Р. Македонија, на прво место меѓу егејските друштва: ривалството меѓу "Децата бегалци" и организацијата на Македонците од Егејска Македонија со седиштe во Битола, кои влечат корен уште од времето на граѓанската војна во Грција. Секоја од двете основни струи во ОМО "Илинден" наоѓа поттпора во една од нив. "Демократите" се поврзуваат со Битолското друштво а радикалите со "Децата бегалци" во Скопје.*

## ***Прегрупирање на македонското движење во Бугарија***

**Н***еподносливоста на ситуацијата во која работат македонските организации цело време ја држи отворена идејата за обединување, но до расцепот на радикалното крило не постојат услови за такво нешто, поради ставот на радикалното раководство кое смета дека не постои поделба и според тоа потреба од обединување, а само некои луѓе ја напуштиле организацијата. Според тоа обединувањето за нив се заклучува во поднесувањето од страна на демократите индивидуално на молби за зачленување во радикалното крило. Улога игра и стравот да не биде освоена организацијата од бугарските служби. Од крајот на 1996 г. желбата за обединување зема толку замав што дури и најнепријателски настроените - бајданчовистите се приморани да се приклучат на обединителниот процес.*

*Меѓу 01. 06 и 24.08.1997 г. се водат преговори меѓу основните сили на македонското движење кои завршуваат со обединување на демократите и конгресистите, а бајданчовистите се повлекуваат со оправданието дека не им е задоволено барањето да бидат признаени за единствени вистински наследници на ОМО "Илинден". Бајданчовистите инсистираат конгресното крило да не го потпишува обединителниот протокол со името ОМО "Илинден" туку со измисленото од нив "ОМО Илинден 96-Благоевград", со што фактички сакале раководството на Кирил Иванов да се признае за поразено во изборите, а нивните приврзеници и покрај тоа што се во мнозинство да се признаат за отцепници и за*

*малубројна група настаната во 1996 г. во Благоевград (или ограничена во него) што, се разбира за конгресистите е неприфатливо. Компромисниот предлог секој да се потпише како што сам ќе реши е отфрлен од бајданчовистите. Така и покрај изработувањето на заедничка програма не доаѓа до целосно обединување. Обединетата организација ја задржува создадената општа програма, а бајданчовистите ја напуштаат и се враќаат на своите екстремни барања. Во февруари 1998 г. се одржуваат собранија на обединетата организација и на бајданчовистите. Бајданчовистите одржале конференција на 03.02.1998 г. во гр. Сандански. Меѓу другото решиле дека не може да постои никаква соработка со обединетата организација и им се закануваат со суд на сите што го користат името ОМО "Илинден"[38]. Обединетата организација одржала конгрес на 28 февруари истата година во гр. Гоце Делчев, подоцна прифатен како основачко собрание. На ова собирање се донесени статут и програма како и одлука за поднесување документи за регистрација[39]. Во текот на истата година ќе бидат поднесени документи за регистрација во бугарскиот суд[40]. И двата собира се одржани тајно. Полицијата не се замешала за што министерот на внатрешните работи е критикуван во парламентот од страна на опозицијата. На овие собири се донесени статути и програми и избрани раководства (претседатели: И. Сингартијски за Обединетета организација и Ј. Костадинов за бајданчовистите) и е решено да се поднесат документи за регистрација.*

*Последната одлука претставува голема новост за бајданчовистите. Дотогаш тие тврдат дека нема потреба од регистрација и треба да се работи без неа. Тоа прашање долго време е едно од главните во споровите меѓу разните "крила" на организацијата. Овој факт како и одржувањето на тајна конференција од нивна страна (нешто на што долго се спротиставувале) се објаснува со стремежот да се изпревари Обединетата организација и да се присвои името ОМО "Илинден". Борбата за името пак се објаснува со желбата да се приграби сиот политички актив на организацијата и да се користи нејзиниот авторитет во што бајданчовистите како далеку послаби и малубројни од своите опоненети ја гледат главната шанса да опстанат на политичката сцена. Тоа ја објаснува и поголемата нивна упорност по тоа прашање во споредба со Обединетата организација. Например во т. 7 од нивната конференцијата од 01. 02. во гр. Сандански е донесено "Решение за користење на сите законски средства за заштита името ОМО "Илинден" присвојувано од..." демократската струја[41]. Подоцна демократската струја ќе почне да се разграничува. Во прва фаза тоа се изразува во модифицирањето на името со додавањето во летото на 1998 г. на кратенката ПИРИН. Според официјалниот документ поднесен во судот, оваа одлука е донесена уште на основачкото собрание од 28. 02. 1998 г. Меѓутоа ова претставува модификација на првичните решенија, а одлуката е донесена во текот на летото 1998 г. и прифатена на собрание на националниот извршен совет одржано во Благоевград во месец август. Тоа може да се констатира од документот донесен од "Обединителниот конгрес на сите фракции и групи на разединетата ОМО "Илинден" на 28.02.1998 г. во гр. Гоце Делчев и испратен до повеќе весници во Р. Македонија како и од изјавите на претседателот*

---

[38] *Покана за Конференција на ОМО Илинден, 23.01. 1998 г. гр. Сандански, т. 4, 6 и 7.*

[39] *Записник на основачко собрание на "ОМО – Илинден" – ПИРИН, с. 1, 2; Г. Делчев, 28.02. 1998 г., записникот е прилагоден спрема подоцнежните потреби, види подолу*

[40] *Молба за регистрација на "ОМО – Илинден" ПИРИН, гр. Благоевград, без датум, с. 1, 2 .*

[41] *Покана за Конференција ОМО Илинден, 23.01. 1998 г. гр. Сандански, т. 7.*

*на ОМО Илинден (демокрастака струја) [42]. Во втората етапа пред законата да биде избришана од регистарот на политичките партии, демократската струја официално декларира дека нема ништо општо со озлогласената во Бугарија ОМО "Илинден". Ова разграничување е прифатено и во преамбулата на Програмата на ОМО Илинден ПИРИН од февруари 2000 г., во однос на "некои крајни и сепаратистички наклонувања во ОМО "Илинден"[43] Особено јасно е дефинирано дека ОМО Илинден ПИРИН не е продолжение на ОМО "Илинден" во Ставот на партијата по случај нејзината забрана упатен до судот во Стразбург (опширна верзија) с. 4, каде се нагласува дека таа е "целосно оригинална организација", "не е наследник на ОМО "Илинден", бидејки последната "продолжува да постои со седиште во гр. Сандански". Така под законата за забрана ОМО "Илинден" – ПИРИН официјално се откажува до наследството на ОМО "Илинден", меѓутоа на неофицијално ниво таа продолжува упорно да се држи до него, како што може да се види и од задржувањето во името ОМО "Илинден". Друга разлика се појавува одкако во август 1998 година демократската струја ќе одлучи да се регистрира како партија, за да се избегне непотребното постоење на две македонски организации во Бугарија и да се поведе борба за правата на Македонците внатре во структурите на власта. Одлуката е донесена во август 1998 г. на собрание на националниот извршен совет во Благоевград. Официјално зацртаната цел од конгресот од 28.02.1998 г. е: "... ОМО "Илинден" е да биде легална и демократска организација". "Зад нашето барање за регистрација не стојат политички цели. Нашата цел е културна, спортска и други активностти"[44].*

*Така во 1998 г. завршува новото групирање во македонското движење во Пиринска Македонија во две формации: ОМО "Илинден" ПИРИН со околу 22 - 23 секции со 400 - 450 членови во постојан пораст, и ОМО "Илинден" со 3 секции и околу 40 членови[45].*

*ОМО "Илинден" ПИРИН, решавањето на проблемите го гледа во рамките на политичкиот систем, преку демократизацијата, евроинтеграцијата и механизмите за заштита на човековите права; се залага за признавање постоењето на македонското малцинство во Бугарија, како и на македонската нација воопшто и за давање на сите права предвидени од меѓународните документи за правата на малцинствата, надминување на поделеноста на Македонија - преку симнување на границите во заедничката европска држава, а својата дејност ја насочува пред се кон народот[46]. Основните програмни разлики со бајданчовистите се околу прашањата за црквата, бугарската војска и политички организации во Пиринска Македонија. ПИРИН не сака да се замеша во црковното прашање поради практичка и законска невозможност и од страв тоа да не попречи на меѓународното признавање на МПЦ, или да провоцира префрлување имотите на митрополијата во сопственост на*

---

[42] *Иван Сингартијски во интервјуа за весниците Нова Македонија и Балкан (Балкан, Ние сме лојални граѓани на Бугарија, разговор со Иван Сингарстијски, претседател на ОМО Илинден;* http://www. Novamakedonija.com.mk/ponedelnik/rb-balk.htm, pp. 1, 2*) во кои тој е титулиран како претседател на ОМО Илинден, а основачкото собрание е наречено "Обединувачко собрание на речиси сите делови" на ОМО Илинден.*

[43] *ОМО "Илинден" ПИРИН в светлината на международните документи, 46.*

[44] *Балкан, Ние сме лојални граѓани на Бугарија, разговор со Иван Сингарстијски, претседател на ОМО Илинден;* http://www. Novamakedonija.com.mk/ponedelnik/rb-balk.htm, pp. 1, 2.

[45] *Податоците се приближни за 1998 г. Во следната година ПИРИН го зголемува своето членство и ги проширува структурите додека "бајданчовистите" ги задржуваат отприлика старите позиции.*

[46] *Статут на ОМО Илинден – ПИРИН,* II, *чл. 2 - 7, ОМО "Илинден" ПИРИН в светлината на международните документи, 2000, с. 26 – 28.*

*Бугарската патриаршија и за да не ја настрои црквата против македонските организации; смета дека постоењето на партиите зависи од волјата на народот кој решава каде да се зачлени и е антидемократски и нереално да се бара нивно насилно растурање, туку тие да работат согласно законите; прашањето за војската го сметаат за неактуелно и опасно за поставување. Поставувањето на горните прашања според ОМО "Илинден" ПИРИН само дополнително го плашат и без тоа наплашениот народ и ѝ овозожува на државата да ги прогласува за екстремистички и сепаратистички македонските организации и на оваа основа да ги дискриминира.*

*Баданчовистите, продолжувајки ги сфаќањата на радикалите, решавањето на проблемите го гледаат во интервенцијата на меѓународните институции, давање на целосна автономија на Пиринска Македонија дури до обединување со Р. Македонија преку промена на границите и често не ја признаваат и ја бојкотираат бугарската власт. Тие себе си се дефинираат како "национална организација на етничка основа" (чл. 1 т. 1) и во својот статут потенцираат дека макар да ја почитува територијалната целост на Бугарија "ги поддржува меѓународните закони според кои границите на државите ќе може да се менуваат по мирен пат, преку преговори" (чл. 2. т. 2), а за територијата на Пиринска Македонија во истиот документ определуваат дека се наоѓа под бугарска окупација ("македонска земја под бугарска окупација" - чл. 3 т. 1)*[47]*. Во програмата на радикалната струја постојат повеќе проблематични од законска точка на гледање моменти. Например во точка* III 1*, се бара "статус на културна, политичка и економска автономна област", понатаму припојување на неврокопската епархија кон МПЦ (*III*, 1.5.); "Повлекување на бугарските окупаторски војски" (*III*, 1.9.), растурање на сите бугарски политички партии и организации во Пиринска Македонија (*III*, 1.10), забрана на весници и партии кои го поддржуваат ставот за непостоење на македонска нација (*III, 1.11., III*, 1.12). Програмата предвидува доколку не се исполнат барањата на организацијата да се обрати кон ООН со барање за обединување на Македонија "под туторството на ООН и закрилата на Големите сили" (*III*, 1.21, 1, б, в.). Слични определби постојат и во статутот на организацијата*[48]*. Начинот на кој треба да се постигнат овие цели не се посочува јасно, но од активноста на оваа група може да се заклучи дека методот е обраќања до бугарските и меѓународните институции да ги задоволат посочените барања*[49]*. Овие моменти јасно покажуваат дека по одбивањето на обединувањето бајданчовистите се вратиле на своите идејни определби зацртани уште во Роженската декларација од 1991 г. Посочените моменти ја прават регистрацијата на бајданчовистката ОМО "Илинден" практично невозможна. Нивната агитација понатаму покажува враќање кон позицијата "подобро ни е да сме нерегистрирани". Со тек на времето се забележува постепено смекнување на радикалните ставови. Заеднички се барањата за признавање на македонско малцинство и давање на правата загарантирани со меѓународното право, запирање на асимилацијата како и целта: духовно обединување на македонскиот народ*[50]*.*

[47] *Статут на ОМО "Илинден", 27.09.1997 г. Статутот е задржан и по поднесувањето на документи за понова регистрација во 1998 г. (Скорнување, Гласило на ОМО "Илинден" – март 2003, с. 1, Статут на Обединета македонска организација "Илинден", чл. 1, чл. 2, т.2. чл. 3).*

[48] *Статут на ОМО "Илинден", 27.09.1997 г., чл. 4. т. 1 – 6.*

**49** *Статут на ОМО "Илинден", 27.09.1997 г., чл. 7. т. 1 – 7.*

[50] *Оваа цел е застапена во сите најважни документи на македонското движење на овој простор меѓу 1990 и 1997 г. (во уставите на ОМО "Илинден", на радикалното и на конгресното крило, во програмата на ОМО Илинден ДД и сл.). Види и: Програма на ОМО Илинден – ПИРИН,* I, *чл. 1 - 9, ОМО "Илинден" ПИРИН в светлината на международните документи, 2000, с. 48 – 50; Стаут на ОМО*

*Инаку и двете групи користат потцртано мирни третства за постигнување на нивните цели.*

### *ОМО "Илинден" ПИРИН - прва регистрирана партија на Македонците во Бугарија*

*Наредната 1999 г. е успешна за ОМО "Илинден" ПИРИН (Партија за економски развој и интеграција на населението) – таа е регистрирана на 12. 02. како партија*[51] *и нејзиното членство знатно се зголемува. Следи успешно учество во локалните избори во 2000 г. Тогаш партијата успева да се избори за три советнички места (Благоевград, Разлог, Гоце Делчев) како и функции на кметови (началници) на две села; во две општини (Петрич и Благоевград) не достигнуваат неколку десетици гласови за избор на советници, а во една советник не е избран поради поделба на гласовите (Струмјани). И покрај своето ограничено учество во само неколку општини, немањето на политичко искуство, противењето на власта (партијата е допуштена до изборите во последниот момент) и финансиската слабост младата партија докажува дека располага со потенцијал за политичка борба. Важно е макар и неуспешно учеството во парламентарните избори во 2001 г. преку свој "независен" кандидат, заменик председателот Ботјо Тиков*[52]*. Се менува и односот на властите. Официалниот статус ѝовозможува на партијата слободно да го посети гробот на Јане Сандански на 22.04. 1999*[53] *г. и легално да ја одржи својата национална конференција на 26.02.2000 г. во градот Кресна. Оваа конференција, одржана само три дена пред забраната на партијата од уставниот суд, ќе донесе декларација, која ќе ја упати до бугарските власти и до меѓународниот фактор. Во неа се издигаат барања за давање официјален статус на национално малцинство за Македоците во Бугарија и стриктно почитување нивните права согласно со меѓународните документи, право на користење и развивање на македонскиот јазик, култура и традиции, достап до медиумите, вклучување графа Македонец на следниот попис, запирање на асимилацијата на Македонците во Бугарија, забрана на партијата ВМРО - БНД и "Македонскиот научен институт" во Софија, како и промена на членовите на уставот на Р Бугарија кои ја дефинираат како еднонационална држава*[54]*.*

*Во периодот пред регистрацијата на ОМО "Илинден" ПИРИН а особено пред април 1998 г. практиката на спречување собири, како и конфискација на литература на граничните премини од страна на бугарските власти е вообичаена. Например на 01.02.1998 г. на граничниот премин Златарево (Ново Село) се конфискувани 10 примерока на списанието "Нова Зора" (орган на "Виножито") од Иван Илиев*

---

*"Илинден" – ПИРИН, чл. 3. т. 3, исто издание, с. 26, 27; Статут на ОМО "Илинден", 27.09.1997 г., чл. 4 – 6.*

[51] *Решение бр. 48, од 12.02.1999 на Софијски градски суд со преседател Стефан Гроздев; впишана е во регистарот на партиите под број 12802/98,* D#r`aven vestnik br. 16, 1999 g. s. 88

[52] *За неуспехот допринесува главно еуфоријата во Бугарија покрај кандидатирањето на партијата на царот Симеон Сакскобурготски, на која очајаниот народ ги полага сите свои надежи за подобрување на животот. Љубопитен момент е постапката на Ј. Костадинов, кој на 31 мај 2001 г. дава изјава за в. "Нова Македонија дека по никоја цена нема да ја подржи со својата организација кандидатурата на Тиков, клеветејки го дека е голем Бугарин и негатор на македонската самобитност. Макар и без практична вредност, поради минималното влијание на бајданчовистите оваа случка ја демонстрира големата нетрпеливост на бајданчовистите спрема партијата ПИРИН.*

[53] *Молба на Стојан Миладинов Тасев до градоначалникот на гр. Санднански од 21.04.1999 г. за положување цвекиња на гробот на Јане Сандански од Националниот Совет на ОМО Илинден ПИРИН; Дозвола на градоначалникот на гр. Сандански К. Бузов бр. 94.0– 20 од 21.04.1999 г.*

[54] *Декларација од ЦС на ОМО "Илинден" – ПИРИН, 26.02.2000 г. гр. Кресна, с. 2.*

*Сингарстијски.*[55] *Друг пимер за дискриминација е спречувањето на прославата на годишнината од убијството на Јане Сандански на Рожен на 21.04.1998 г. Членовите на демократската струја се спречени да постават цвеќе, одземени им се личните карти и се принудени во полициска придружба да отидат до полициксата управа во Сандански, а напишани се казни на двајца поради тоа што не носеле лични карти. Ова е извршено без разлика што го известиле градоначалникот на Сандански, дека ќе го посетат локалитетот само како граѓани*[56] *и на фактот дека при извршениот претрес кај нив не се најдени политички материјали. Нивната жалба до Софиското воено окружно обвинителство*[57] *е одбиена со истото објаснување со кое е извршено и апсењето: дека постоела заповед од окружниот обвинител која забранувала посетување на местото од претставници на ОМО "Илинден" во соодветните денови, без да го земе во предвид фактот дека тие таму присуствувале само како граѓани*[58]*. Околу истата прослава се издадени кривични пријави и против лицата Иван Јорданов Манолев од с. Копривлен, Љаски и Иван Илиев, со изговор техничка неисправност на автомобилот.*[59] *На 24.04.1998 г. Окружното обвинителство во Благоевград издава "Постановление" со излезен бр. 32 "За преземање мерки за спречување на престап", со кое се забранува на Обединетата организација положување цвеќе на споменикот на Гоце Делчев во Благоевград на 04.05.1998 г.*

*По регистрацијата на македонската партија се набљудува извесно смекнување и колебање во бугарската позиција спрема македонските организации во Бугарија. Се намалува практиката на конфискување на македонска литература и материјали на граничните премини, се дозволуваат дел од јавните акции, се регистрираат организации и сл. Причините за тоа се во прв ред во меѓународниот притисок, подхрануван од активностите на македонските организации во Бугарија и особено од потребата да се исполнат условите за да излезе земјата од шенгенскиот список.*

*Како цело негаторскиот став на бугарската држава не се менува. Добра илустрација за тоа претставуваат зборовите на Министерот за внатрешни работи Богомил Бонев во интервју за весникот Струма, кој на прашање зошто полицијата не го спречила конгресот на демократската струја во Гоце Делчев на 28.02. 1998 г., одговара дека макар да не го спречиле, тие никогаш нема да дозволат регистрација на небугарска организација како ОМО Илинден*[60]*. Негирањето на постоењето на македонско малцинство во Бугарија продолжува независно од резултатите на пописите, во кои секој пат е регистриран различен број на луѓе кои се самоопределуваат како Македонци. Направен е обид да се спречи учеството на ОМО "Илинден" – ПИРИН во локалните избори во1999 г. Централната Комисија за местни избори со решение број 100 од 25 август 1999 г. го забранува учеството на партијата на изборите, но жалбата до Врховниот административен суд дава резултат: во последниот момент забраната е дигната и партијата е допуштена до*

---

[55] *Расписка бр. 104, од 01.02.1998 г., Граничен премин Златарево, подпишан А. Динев*

[56] *Известително писмо од група граѓани до градоначалникот на општина Сандански, со копија до началникот на Реонската полициска управа*

[57] *Жалба со барање за покренување на кривична постапка од Стојан Миладинов Тасев*

[58] *Решение за одбивање да се поведе кривична постапка по преписка бр. 989/98, Софија, 30.06.1998 г., обвинител Георги Камбуров*

[59] *Наказателно постановление бр. 656 од 30.04.1998 г. против Иван Манолев и Акт за утврдување на административен прекршок бр. 312173, од 16.04.1998 г. против Иван Илиев*

[60] *Балкан, Ние сме лојални граѓани на Бугарија, разговор со Иван Сингарстијски, претседател на ОМО Илинден;* http://www. Novamakedonija.com.mk/ponedelnik/rb-balk.htm, p. 2.

*изборите*[61]*. Продолжуваат индивидуални притисоци, јавни закани кон македонските активисти преку медиумите, судски истраги и сл.*

***Ново заострување на антимакедонската политика***

*Како резултат на силен политички притисок 29. 02. 2000 г. е забранета првата македонска партија во Бугарија ОМО "Илинден" ПИРИН. Пресудата на судот се подпира на ставот дека ОМО "Илинден" ПИРИН не е оригинална организација и поради тоа треба да ги сноси последиците од активностите и изјавите на своите претходници (без разлика што последните не се осудени), на презумпцијата дека партијата во иднина може да projави антибугарска дејност и на изјави на официјални лица на партијата, извадени надвор од контекст и во кои судот согледува сепаратизам*[62]*. Во редот на последните е и едно писмо на Кирил Костадинов Иванов член на Националниот извршен совет на партијата до Отворено Општество во Будимпешта кое содржи крајни и сепаратистички ставови. Партијата официјално се разграничува од неговите ставови*[63]*, меѓутоа судот сепак го зема во предвид. Партијата излегува со свој став во кој ги оспорува аргументите на судот и поднесува жалба во Европскиот суд за правата на човекот во Стразбург*[64]*.*

*По забраната, која влегува во сила со големо задоцнување – дури со објавувањето во државен весник месеци подоцна*[65] *следи ново заострување на мерките против Македонците во Бугарија и се оневозможувани нивните собирања и прослави дури и кога се организирани од името на група граѓани. Пример за вршење на притисок врз членови на организацијата се заканите со судска расправа во врска со широко распространетите повици од ОМО Илинден ПИРИН кон населението во Пиринска Македонија слободно да се изјасни како македонско во пописот на населението од 1 – 15 март 2001 г. и викањето на активисти во полицијата.*[66] *Не е дозволено одржувањето на собор на Роженскиот манастир во 2000 г. без разлика што забраната на партијата уште не е влезена во сила*[67]*, а на присутните македонски активисти се одземени симболите на партијата - знамињата, лентите на венеците и сл.*[68] *Сепак во наредната, 2001 година собирот на Рожен е дозволен*[69] *но пак е забрането положувањето цвеќе на 04.05.2001 г. на споменикот на Гоце Делче во*

---

[61] *Обраќање на ОМО "Илинден" – ПИРИН до Фернандо Мора комисионер за човекови права, 06.01.2002 г. с. 1, 2. Во обраќањето партијата по овој повод се жали и од заплашувањето на нејзините кандидати од агенти на службата за безбедност, кои ги принудувале да ги повлечат своите кандидатури.*

[62] *Став од ОМО "Илинден" – ПИРИН, упатен до Европскиот суд по правата на човекот во Стразбург, во врска со решението на уставниот суд на Бугарија за забрана на партијата, опширна верзија, с. 4 – 7, без датум*

[63] *Став на Националниот Извршен Совет на ОМО "Илинден" ПИРИН, на основа на записник бр. 21/28.11.1999 г. доставен до Претседателот на Уставниот суд на Р. Бугарија. Кирил Иванов поради тоа е исклучен на Националната конференција во февруари 2000 г.*

[64] *Став од ОМО "Илинден" – ПИРИН, упатен до Европскиот суд по правата на човекот во Стразбург..., кратка и опширна верзија, без датум.*

[65] *Кон крајот на април истата година одлуката сеуште не е објавена (Уведомително писмо од ОМО "Илинден" ПИРИН до градоначалникот на општина Сандански Попов, 05.04.2000 г.).*

[66] *Призовка од РПУ Гоце Делчев, бр. 207/2001 до Васил Христов Иванов да дојде во полицијата на 13.03.2001*

[67] *Уведомително писмо од ОМО "Илинден" – ПИРИН до градоначалникот на гр. Сандански, 05.04.2000 г.; Заповед бр. 127 од 07.04.2000 г. со која се забранува одржувањето на соборот*

[68] *Труд, 24. 04. 2000 г. "Конфискуват символи на македонисти", фотокопија, без број на страна*

[69] *Молба од општинското раководство на ОМО "Илинден" – ПИРИН, вл. бр. 62.00.28 од 28.03. 2001, со напишано на рака во горниот лев агол: "Дозволувам на 21.04.2001 г. од 14 часот"*

*Благоевград.*[70] *По одземањето на регистрацијата ОМО "Илинден" ПИРИН слично на одбиената од регистрација ОМО "Илинден" (бајданчовисти) и ќе поднесе жалба во меѓународниот суд во Стразбург.*

*И покрај забраната ОМО "Илинден" – ПИРИН, ќе продолжи со својата активност, земајки став преку декларации и обраќања кон сите поважни случувања што го засегаат македонското малцинство во Бугарија*р *како и по однос на случувањата во Македонија. Особено голема активност пројавува партијата околу пописот на населението во Бугарија одржан меѓу 1 и 15 март 2001 г. Партијата претходно се обраќа до амбасадорите на земјите членки на Европскиот сојуз и НАТО во Бугарија со барање да помогнат за обезбедување објективност на пописот и впишување на графа "Македонец" во пописните листи*[71]*. За да се намали стравот и дезинформираноста кај населението во Пиринска Македонија ОМО "Илинден" – ПИРИН распространува 80 000 летоци со повик Македонците слободно да се изјаснат како Македонци. Последново предизвикува националистическа хистерија во бугарските медиуми, како и јавни закани со судска расправа. Раководители на партијата се викани на сослушување во полицијата и е започнато дело против непознат сторител. Согласно официалните документи на партијата викани во полицијата, сослушувани и заплашувани биле лицата: Иван Сингартијски, Иван Гаргавелов, Костадин Франгов, Крстјо Мангушев, Петар Иванов, Славе Миленков, Ангел Радонов, Владимир Коцелов и др. Против истите е започната истрага.*[72] *Кампанијата има за цел само да го заплаши населението пред пописот и делото никогаш не е пуштено во процедура. Мноштвото нерегуларности констатирани во текот на пописот стануваат причина ПИРИН веднаш по неговото завршување да излезе со декларација во која го осудува начинот на спроведување на пописот и ги прогласува можните резултати за неприфатливи*[73]*. Партијата посочува на низа нерегуларности: попишување преку телефон, запишување податоците со молив, попишувањето во малите села се вршело од кметовите, без да се прашаат луѓето за нивната националност, заканите кон населението и кон партијата, делото заведено против раководителите на ОМО "Илинден" – ПИРИН и др, но најповеќе немањето на графа "Македонец" и незадолжителноста на прашањата за национална припадност и мајчин јазик. Во обраќањето на партијата до комесарот за човекови права Фернандо Мора од 06.02.2002 г. (с. 2), пописот е определен како "апсолутна фарса" и е посочено дека во некои случаи националноста однапред била пополнета од попишувачите како бугарска, но како најфрапантнен е посочен фактот дека на пописната карта не е одредено место за подпис на попишувачот и попишаниот.*

*Ограничувањата во работењето што произлегуваат од положбата на забранета партија ја раѓа идејата за пререгистрирање на ОМО Илинден ПИРИН како нова партија под името ОМО ПИРИН која и официално е основана на*

---

[70] *Postanovlenie za vzemane merki za predotvrat|vane na prest#plenie*, gr. Blagoevgrad, 02.02.2001 g. Okr#`na Prokuratura No 2/2001 g).

[71] *Декларација на ЦС на ОМО "Илинден" – ПИРИН, упатена до амбасадите на Големите сили и на Р. Македонија во Бугарија, до претседателот и парламентот на Р. Бугарија, донесена на Конференцијата во гр. Кресна, на 26.02.2000 г. с. 2, т. 8; Декларација на ОМО "Илинден" – ПИРИН до амбасадорите на земјите членки на Европскиот сојуз и НАТО, до Европскиот парламент, копија до Ван дер Штул, без датум.*

[72] *Случаи на кршење на човековите права на Македонците во Р. Бугарија, на членови и симпатизери на ОМО "Илинден" – ПИРИН од 01.01.2001 до ден денешен, од ЦС на ОМО "Илинден" – ПИРИН, с.1.*

[73] *Декларација на ОМО "Илинден" – ПИРИН по повод завршениот два дена пред рокот попис на населението во РБ, од Извршниот Совет на ОМО "Илинден" – ПИРИН, кратка печатна верзија. Дополнителни податоци за разни нерегуларности се наведени во поопширна ракописна верзија.*

*18.02.2002[74]. Меѓутоа и новата партија ќе биде одбиена од регистрација на 12.12.2002 г. Причините за одбивање од регистрација се навистина интересни. 1. Бидејки кратенката ПИРИН можела да воведе во заблуда дека се работи за името на планината Пирин; 2. Бидејки името личи на она на ОМО "Илинден" ПИРИН, а законот забранува повторувањето на имиња на партии со додавање (без разлика што ОМО "Илинден" Пирин тогаш повеќе не фигурира во регистарот на политичките партии); 3. Знамето на партијата "подсеќа" на знамето на Република Македонија (на знамето на партијата стои звездата од Кутлеш, но судот не зел во предвид дека таа со години не стои на знамето на Република Македонија), а исто и грбот подсеќал на грбот на Р Македонија (грбот на партијата содржи планина во формата на буквата М и над неа звезда) а чл. 6 од Законот за политичките партии забранува користење на симболи на туѓи држави (повово судот превидел дека се забранува користење на симболи а не на такви што "подсеќаат" на нив); 3 Од аналогијата (наречена и "идентичност") на симболите следува дека партијата ќе пропагандира туѓи идеи и ќе се стреми да денационализира и македонизира бугарското население, а тоа е во спротивност со Уставот; 4. Целосното неодговарање и неисполнување на законските одредби на чл. 12 од Законот за политички партии на членот 36 од статутот на партијата (?!) (чл. 12 од законот го одредува начинот на прекратување дејноста на партиите, додека чл. 36 од статутот на партијата всушност потврдува дека партијата редовно ќе врши финансиски отчет за своето работење пред државните органи на начин на кој е тоа законски одредено) и др. [75]. Повово смекнување на бугарската политика спрема двете организации се набљудува по пресудата на судот во Стразбург против Бугарија од 02.10.2001 г. за забрана на мирни собири на Македонците[76]. Како последица од тоа собирите ќе бидат повово дозволувани[77] но со извесни ограничувања како право на говор, носење плакати и знамиња и сл.*

*Забраните на македонските организации негативно влијаат на нивната активност. Одбиената од регистрација ОМО Илинден така и нема да успее да стане масовна организација ограничувајки ја својата активност во западна Пиринска Македонија, со организирани групи во местата Сандански, Петрич и Крупник. ОМО Илинден ПИРИН која и почетно има свои структури во сите краишта на Пиринска*

---

*[74] Протокол бр. 1 од Основачкото собрание на "ОМО – ПИРИН" – (Обединета македонска општност – партија за интеграција, развој и економски напредок), 18.02. 2002 г.; Молба од Ботјо Вангелов Тиков до Софискиот градски суд за регистрација на партија "ОМО – ПИРИН", без означен датум, но документите се поднесени на 14.05.2002 г., како што се гледа од изјавата за начинот на подпишување на председателот на партијата која е со посочениот датум.*

*[75] Решение на Софискиот градски суд, фирмен одел, 7 состав, од 12.12.2002 г. (седницата е одржана на 19.11.2002)).*

*[76] Европски суд за човекови права, Прва секција, Судска одлука по молби бр. 29221/95 и 29225/95 Станков и Обединета македонска Организација "Илинден" против Бугарија, Стразбург, 02.10.2001 г. с. 1 – 48). Пресудата е донесена по едно опширно дело за повеќе прекршувања на правата на Македонците во Бугарија, започнато од ОМО "Илинден" уште пред нејзиното распаѓање и дополнувано подоцна. Дел од жалбите отпаѓат поради неискусноста на подносителите (поднесување по истекување на законскиот рок и слично). По распаѓањето на ОМО "Илинден" делото продолжува да се води од радикалната струја, во чии редови остануваат двајцата официјални подносители на жалбата Јордан Костадинов и Борис Станков.*

*[77] По пресудата на судот во Стразбург мирните собири на Македонците не се попречувани. Види например Заповедите на градоначалникот на гр. Сандански под бр. 123 од 05.04.2002 г. по молба вл. бр. 62-00-12/28.03.2002, со која се дозволува одржување на соборот на на ОМО "Илинден" – ПИРИН и Заповед бр. 158 од 16.04.2003 г. т. 2, 3 и 4 кои дозволуваат одржување на собор поклон соодветно на на ОМО "Илинден" – ПИРИН и на ОМО "Илинден" и ТМО – ВМРО (независна).*

*Македонија, а во едногодишниот период на својата легална дејност освен дополнително разгранување и масовизирање во Пиринска Македонија создава свои структури и во внатрешноста на Бугарија, во Шумен, Плевен, Варна и др. по забраната ќе изгуби дел од членството и ќе ја намали својата активност.*

*Во својата дејност организациите Илинден остануваат изолирани од бугарските политички партии и маргинализирани во политичкиот живот. Постојат поедини контакти со партии на локално ниво, извесна соработка со Движењето за Права и Слободи на Турците во Бугарија и особено со правозаштитни организации во земјата, без тоа сериозно да ја менува општата состојба на изолираност.*

*За да биде изолацијата уште поголема непријателски односи продолжуваат. Во непријателскиот став како и порано се истакнува раководството на ОМО "Илинден" (бајданчовисти) кое во својата пропганда оди до таму да ја нарекува ОМО "Илинден" ПИРИН врховистичка и бугарска партија*[78]*. Најкарактеристичен е случајот од почетокот на 1999 г. кога еден од главните луѓе на бајданчовистите – Божидар Кирјанов настапува по македонската национална телевизија "Сител" и ја нарекува ПИРИН бугарска врховистичка партија, намерно регистрирана од бугарските власти за да го уништи македонското движење. Од своја страна раководството на ОМО "Илинден" ПИРИН им препорачува на своите членови да не влегуваат во конфронтација со ОМО "Илинден" и го признава македонскиот карактер на последната, макар да е на мислење дека дел од нејзините активности се штетни за Македонците во Бугарија. Основна соработка организациите Илинден ќе имаат со македонски партии и организции надвор от Бугарија, при што особено плодна ќе се покаже соработката на ОМО Илинден ПИРИН со "Виножито" от Република Грција. Постојана соработка организациите "Илинден", имаат и со Светскиот Македонски Конгрес*[79]*. Од 2001 г. македонската партија ПИРИН ќе го следи примерот на "Виножито" и ќе поднесе кандидатура за зачленување во ЕФА (Европска слободна алианса во европскиот парламент, коалиција на малцинските и зелените партии во Европа). По многу перипетии кандидатурата се наоѓа пред конречно одобрување.*

*Во 2000 г. за прв пат е испратен Македонец претставник на ОМО "Илинден" ПИРИН на трејнинг семинар за човекови права во Будимпешта – Унгарија. Од наредната година за таа цел е назначен Стојан Мечкаров и тој ги посетува меѓународните семинари во Атина и Женева (последниот е проведен на 22 јули – 3 август 2001 г.). Ова е важен момент во квалитетниот развој на правозаштитната дејност на Македонците во Бугарија. За да се спречат последиците од применувањето на придобиените умееења во ова област властите го поставуваат под силен притисок членот на Националниот совет и одговорен за правозаштитна дејност С. Мечкаров принудувајки го накрајот да ја напушти земјата (септември*

---

[78] *Така ги именува ОМО "Илинден" своите конкуренти во усната пропаганда. Но и во докуметите на организацијата постојат места кои зборуваат за нетрпеливост. Така според точка 8 од поканата за конференција на радикалната струја од 23.01.1998 г. се предлага решение според кое е "невозможно празнување на културни активности по едно и исто време и на едно место со..." претставници на демократската струја.*

[79] *Соработката кулминира со подпишување договор за соработка на 28 април 2002 г. (Договор за соработка меѓу ОМО – ПИРИН и Светскиот Македонски Конгрес.28.04.2002. Сандански). Сепак поради ограничените можности и на двете страни соработката не ги дава резултатите што тие ги посакуваат.*

*2003 г.). Претставници на македонската партија ќе присуствуваат на меѓународни и локални собири за правата на човекот и малцинствата.*

*Во 2003 г. започнува нов процес на сближување меѓу ОМО ПИРИН и ОМО “Илинден”. Одржани се два заеднички собора крај Роженскиот манастир во 2003 и 2004 г. Во април 2004 г. е решено сите позначајни демонстрации и прослави да се вршат заеднички. Меѓутоа веднаш потоа ОМО “Илинден” ја нарушува спогодбата организирајќи во пролетта, летото и есента на 2004 г. низа самостојни акции одбивајќи понудите на ПИРИН за нивно учество. Од своја страна ОМО ПИРИН на својата конференција на 5 јуни 2004 г. одржана во Гоце Делчев ќе донесе одлука со која го задолжува Председателството да работи за обединување. Во Јули 2004 г. Председателството на оваа партија испраќа писмо до бајданчовистите и други македонски организации со предлог да се формира заедница на македонските сили во Бугарија. Сите освен Илинден го прифаќат предлогот. На 5 декември 2004 г. на средба во врска со обединувањето во гр. Сандански е решено ОМО ПИРИН и ОМО “Илинден” да ги разгледат една на друга програмите и до 20 јануари 2005 г. да разменат пишани ставови. ОМО ПИРИН го исполнува решението, но не и ОМО “Илинден”. Наместо тоа раководтсвото на спомнатата организација праќа во “Народна волја” писмо во кое ја напаѓа ОМО ПИРИН, а на 16 март и официално писмо до партијата во кое ја известува дека прекинува секакви преговори и идна соработка и ја декларира својата приврзаност кон крајните програми и барања. Сближувањето меѓу ОМО ПИРИН, друштво “Сонце” и ТМО ВМРО (независна) продолжува. Активностите се засилуваат и се подобрува информирањето на Македонците за нив преку билтенот “Македонски глас” и “Народна волја”.*

*Пропагандата, како и сета дејност на македонските организации се одвива во многу отежнети услови. Достапот до медиумите е затворен. Ограничувана е можноста за жив контакт со населението. Направени се неколку обиди да се издаваат весници но сите освен еден брзу пропаѓаат поради финансиски тешкотии. Прв излегува "Пиринска Камбана" во Благоевград во декември 1991 г. издаван од Атанас Кирјаков како независен весник - запира од финансиски причини; "Македонец" весник на (всушност непостоечка) Македонска демократска партија во Благоевград. Тоа е првиот од серијата весници на Славе Македонски. Се печати во Софија од 1992 г.*[80] *"Скорнување" е весник на радикалното крило, од кој излегуваааат неколку броеви (првите четири на фотокопир а следните нормално, во 19912 и почетокот на 1993 г.) и накрајот згаснува откако еден број е конфискуван без надоместок од полицијата како гласило на нерегистрирана организација, од 1999 г. излегуваат уште неколку броеви во вид на брошура; "Народна Волја" е весник на македонските анархисти основан на 1 октомври 1980 г. во Сиднеј, Австралија, а од вториот број (март 1981 г.) е префрлен во Лондон. Во април 1991 г. е префрлен во Благоевград – Пиринска Македонија. Излегува еден пат месечно на бугарски јазик, а од 1995 г. со додаток "Пирински Пламен" на македонски јазик. Тој единствен успева да ги преживее сите перипетии и гоненња на власта. Моментално излегува како независно гласило на македонските интелектуалци во тираж од 2 000 примерока, под редакција на Ѓорги Христов и претставува вистинска трибина на македонскоот малцинство во Бугарија. Од јануари 2005 г. започнува да излегува и билтенот “Македонски глас” орган на борците за правата на Макеоднците во Бугарија. Излегуваат и неколку книги (Македонија мојата опора од многустрадалниот македонски патриот Крум Монев, Историја на Македонија од доцент Г. Радулов, Некои аспекти на*

---

[80] *Б. Мокров и Т.Груевски, Преглед на македонскиот печат (1885 - 1992), Скопје,1993 г.*

*великобугарскиот шовинизам од д-р Константин Георгиев и др.) Распространувањето на печатот често е спречувано од власта и се прават различни проблеми. По 2000 г. меѓутоа таквите случаи драстично намалуваат. Пропаганда се врши и со летоци, графити, доставување на весници и литература од Република Македонија како и преку организирање на пресконференции.*

*Македонските организации демонстрираат јасна национална свест. Извор на македонската свест е самиот народ, најчесто семејството. Историската свест се изградува преку раскажување на постарите и самообразовање со литература од Република Македонија. Голема улога игра весникот "Народна волја" и книгата на Г. Радулов - "Историја на Македонија" и др. Осетливо е влијанието на историскиот романтизам (при што голема улога игра дијаспората) и историскиот реваншизам видлив во повременото одрекување постоењето на бугарскиот народ, јазик, култура и историја. Последното доаѓа како реакција на одрекувањето на македонската нација и самобитност од страна на бугарската држава, упорното всадување на бугарска свест и култура меѓу Македонците како и недопуштањето слободниот развој на македонската просвета и култура во Бугарија и е посебно присутно меѓу радикалната струја.*

*Бугарската држава и општество имаат изразито негативен став кон македонското малцинство и неговите организации, сметајки ги за предавнички и антибугарски. Тоа доаѓа од аксиоматичната догма, дека Македонците можат да бидат само Бугари. Правото на национално самоопределување се признава, но само во рамките на историската (односно бугарска) "вистина" и јазичната припадност (кои се одредуваат се разбира од бугарските научни кругови), што априори ја исклучува македонската свест, бидејки според официалната "историска вистина" во Бугарија Македонците се "најчисти Бугари" а нивниот јазик според бугарската филологија е "несомнен и чист бугарски". Така Македонците имаат право да се "самоопределуваат" само како Бугари и ништо друго. Например во пописот од 1992 г. јазичната припадност е искористена за да се вбројат меѓу Бугарите 8 000 души кои се декларирале како Македонци со бугарски "мајчин јазик". Единството на нацијата, толкувана двосмислено е уставно загарантирана. Затоа Македонците во Бугарија со македонска свест се третираат како родоотстапници и продадени луѓе, неграмотни и со слаб морал, а често и србомани*[81]*, а пак македонските организации за странски агентури со антиуставна и антибугарска дејност. Таквиот негаторски однос продолжува и покрај официалните резултати од пописот во 1992 г. според кои (и покрај бројните неисправности при пребројувањето) 10 803 души се декларирале како Македонци. Бидејки резултатите од пописите директно ја демантираат тезата дека во Бугарија македонско малцинство не постои, властите вложуваат многу напор во нивното фалсификување. Зарегистрирани се случаи кога пребројтелите пополнувале бугарска националност без да ги прашуваат пописаните, ги агитирале луѓето да не се запишуваат како Македонци, не објаснувале дека македонската припадност може да се впише во графата "други" туку едноставно објаснувале дека нема графа "Македонци", обиди да ги пополнуваат картоните со молив наместо пенкало и сл.*

---

[81] *Таквото именување доаѓа од бугарската теорија за постанокот на македонската национална свест. Според неа таа е српска творба со цел одвојување на "македонските Бугари" од "бугарскиот народ и јазик" и постепено приопштување кон српскиот. Поради тоа Бугарите редовно ги обвинуваат Македонците во "србоманија" само затоа што се чувствуваат како Македонци слично како што српските националисти ја третираат македонската свест како "бугараштво".*

*Против Македонците и нивните организации се користени закани, дезинформации, суд, забрани, казни насилство, а со цел да се парализираат преку наследуваниот со генерации страв. Стравот на населението од власта и воопшто од македонското прашање е силно присутен и осетно влијае врз однесувањето на луѓето со македонска свест. Се забележува тенденција да се крие македонската припадност од децата (за да си немаат проблеми со власта), или пред непознати луѓе. Стравот е резултат на децениите насилства врз Македонците во царскиот, комунистичкиот и демократичниот период (насилствата околу Рожен и редовните закани со расправа над македонските организации).*

*Дејноста на македонските организации се наоѓа под силен медиумски притисок. Тактиката на бугарските новинари е да обраќаат внимание само на екстремни ставови. Постепено се оформува генерална линија на однесување на бугарските медиуми спрема Македонците, што се изразува во барање и известување само за негативните и екстремни тенденции во македонското движење. Повеќе пати новинари споделувале со македонски лидери дека нивните материали доколку се позитивни не се објавуваат. На таков начин голем број интервјуа со раководителите на ОМО "Илинден" ПИРИН и ОМО ПИРИН никогаш нема да видат бел свет. За сметка на тоа политиката за дискредитација на Македонците ќе ги протежира радикалните елементи околу Костадинов рекламирајки ги нивните најкрајни ставови, изјави и постапки. Карактеристичните за нив неписмени текстови по постери и плакати (напишани ниту на македонски ниту на бугарски јазик), како и неодмерените изјави, несоодветното однесување во јавноста и грубиот однос спрема новинарите на нивниот лидер многу ќе ѝ помогнат на антимакедонската пропаганда да го создаде ликот на Македонецот во Бугарија како лумпен, екстремист, сепаратист и антибугарин, како и на погрешната претстава во бугарското општество за тоа кои се политичките претставници на Македонците во Бугарија и за што се борат. Друг метод користен за дискредитирање на македонското движење е тврдењето дека овие луѓе не се по убедување Македонци туку за тоа им плаќаат Србите и Грците. Таквите тврдења не се подкрепени со докази, туку со обични легенди и измислици. За жал и овде повторно им помага неадекватното однесување на лидерите на радикалите и подоцна бајданчовистите, кои од причини за сигурност и секретност не даваат јавен отчет за финансите на организацијата ниту на имотната состојба на раководителите, која со тек на времето во некои случаи многу се менува.*

*Главната база на Македонското движење ја сочинуваат Македонците во Пиринска Македонија, а основен спонзор се самите тие и македонската диаспора. Досега не е познато и покрај бројните инсинуации од бугарска страна тоа да добило некоја сериозна помош од македонските влади. Тврдењето дека се македонските организации финансирани од надвор (од Белград или Скопје) редовно се повторува како објаснување за нивното постоење. Бројката на такви публикации е вонредно голема па не мора да се наведува конкретно. Сепак досега не е изнесен ниту еден сериозен доказ во потврда на таквата теза што не тера да мислиме дека се работи за обична пропаганда. Оставено на свои сили македонското движење бавно си пробива пат и се наложува како фактор во непријателски расположената политичка средина во Бугарија.*

*Македонските организации своја идејна основа наоѓаат во делото на борците за македонска слобода на што упатува и нивното име "Илинден" и основните празници што се слават: раѓањето и смртта на Гоце Делчев, убијството на Јане Сандански, Илинденското востание и вартоломејската ноќ во Благоевград. Таквиот*

*став е зацртан и во статути ите програми. Така во програмата на ОМО "Илинден" ПИРИН и на ОМО ПИРИН е посочено дека тие се "директен наследник на најздравите и градивни традиции на борбените организации во Пиринска Македонија: на ВМРО од периодот на нејзиното создавање до смртта на Јане Сандански во 1915 г. и возобновена во 1990 г. под името ОМО "Илинден"*[82]*. Слично и ОМО "Илинден" во член први на својот статут ќе потенцира дека таа е "наследник и продолжувач на националните ослободителни борби на македонскиот народ: Карпошевото, Пијанечкото, Кресненското востание, како и наследник на ВМРО и Илинденското востание..."*[83]*.*

*Постоењето и дејствувањето на македонските национални организации во Пиринскиот дел и во Бугарија е еден од најсилните докази за автохтоноста, изворноста на македонската национална свест на сета етничка македонска територија, зашто овој дел никогаш не поттпаѓал во границите на Р.Македонија, ниту во сферата на српската пропаганда, туку од петвековна турска власт поминал директно под бугарската држава, каде без прекин се наоѓа веќе 93 години и 91 години*[84] *таму се насадува бугарска национална свест. Можеби тоа е една од основните причини за алергичниот однос на бугарската државна власт кон националното движење на Македонците во Пиринска Македонија.*

---

[82] *ОМО Илинден" ПИРИН в светлината на международните документи, с 46.*

[83] *Статут на ОМО "Илинден" Скорнување, март 2003, с. 1.*

[84] *Со исклучок на ограничената културна автономија меѓу 1946-1948 година која сепак била прекратка и пресрамежлива за да може да се смета за создателка на македонска национална свест таму.*